Снегар Компани ДООЕЛ
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА
ул. "Кузман Капидан" бр. 29, 6000 Охрид
070/39 10 47 e - mail:snegarcompany@yahoo.com

**ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР.1 ДЕЛ ОД КП 2440/3 КО КОЊСКО**
**( ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А4 – ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ )**
**ОПШТИНА ОХРИД**

**ДОНОСИТЕЛ:**

**ОПШТИНА ОХРИД**

**ИЗРАБОТУВАЧ:**

**СНЕГАР КОМПАНИ ДООЕЛ - ОХРИД**
**ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА**

**Планери:**

Igor Snegar

Digitally signed by Igor Snegar
DN: cn=Igor Snegar, o, ou, email=snegarche_1@hotmail.com, c=MK
Date: 2021.10.21 01:34:48 +02'00'

**Игор Снегар,** дипл.инж.арх.
- бр. на овластување 0.0492

**Дарко Ангелески,** м.и.а
- бр. на овластување 0.0572

**Управител :**
**Вера Снегар**, дипл.инж.арх

Vera Snegar

Digitally signed by Vera Snegar
DN: o=SNEGAR KOMPANI Ohrid DOOEL, c=MK, email=verasnegar@yahoo.com, sn=Snegar, givenName=Vera, cn=Vera Snegar
Date: 2021.10.21 01:33:08 +02'00'

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 1 НА КП 2440/3, КО КОЊСКО (ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ), ОПшТИНА ОХРИД

## I. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

1.Потврда за заверка на Планска програма

## II. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.Вовед
2.Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје
3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
4. Податоци за природните чинители
5. Податоци за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на животот на човекот и начинот на употреба на земјиштето во рамките на планскиот опфат
5.1. Намена на просторот - содржини
6.Инвентаризација на земјиштето, зеленилото, изградениот градежен фонд и вкупна физичка супраструктура во планскиот опфат
7.Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно - историско значење и културни предели
8.Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура
8.1 Сообраќај
8.2 Водоснабдување, фекална и атмосферска канализациона мрежа
8.3 Електрична мрежа
8.4 Телекомуникациска инфраструктура
9. Инвентаризација на градбите со правен статус стекнат по основ на Законот за постапување со бесправно изградени објекти
10.Заклучни согледувања превземени од Просторниот план на Република Македонија, односно од Условите за планирање на просторот издадени од Агенцијата за планирање на просторот
11. Нумерички дел
11.1 Нумерички показатели

## III. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за Ажурирање на геодетски подлоги за урбанистичко планирање со ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3, КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 - времено сместување) 1:500 (Анекс на геодетски елаборат бр.0882-722/9 од 17.10.2018год)
- Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат
- Имотен лист број:1870 ИЗВОД, Катастарска општина :Коњско
- Решение за услови за планирање на просторот бр. 15-3569/2 од 24.06.2016 година
- Текстуален прилог од “Заклучни согледувања“ од “Условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, опШтина Охрид “

01.Графички прилози од “Условите за планирање на просторот за

изработка на„Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, опШтина Охрид"

- Местоположба на локација и ружа на ветрови 1: 25.000
- Светско природно и културно наследство во Охридскиот регион 1:100.000
- Извод од Просторен план на Република Македонија- разработка- Просторен план на Охридско- Преспанскиот регион 2005-2020, Синтезна карта – Користење на земјиштето 1:200.000
- Синтезна карта –Систем на населби и сообраќајна мрежа 1:200.000
- Синтезна карта – Водостопанска и енергетска инфраструктура 1:200.000
- Синтезна карта – Реонизација и категоризација на просторот за заштита 1:200.000

02. Извод од УПВНМ за Туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол опфат 3, опШтина Охрид 1:1000

03.Дигитализирана ажурирана геодетска подлога со граница на планскиот опфат 1:1000

04. Инвентаризација на градбите со правен статус стекнат со Законот за постапување со бесправно изградени објекти 1: 1000

05. Инвентаризација на
- Изградениот градежен фонд, вкупна физичка супраструктура на земјиштето и зеленилото
- Изградената комунална инфраструктура 1: 1000

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-3569/2 од 24. 06. 2016 година
Скопје

Врз основа на член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, 110/08 и 51/11), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15, 193/15 и 31/16), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Снегар Компани ДООЕЛ, ул. "Кузман Капидан" бр. 29, 6000 Охрид, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид.

Површината на планскиот опфат изнесува 0,376 ha, и се наоѓа на земјоделско земјиште: пасишта (III класа).

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. 06516 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето во неземјоделско земјиште.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се изработува Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, се наоѓа во непосредна близина на заштитени: Споменик на природата Охридско Езеро и Национален Парк Галичица.

Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл.весник на РМ, бр.75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвеницијa.

При изработка на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16), подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро (Сл.весник на СРМ бр.45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), како и заштитните категории и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Снегар Компани ДООЕЛ, ул. "Кузман Капидан" бр. 29, 6000 Охрид, врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), со постапка бр. 4582 од 24.03.2016 год. до Агенцијата за планирање на просторот преку електронскиот систем е-урбанизам достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15 - 3569/1 од 16.05.2016 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и со определбите кои се разработени во Просторниот Планна Охридско-Преспанскиот регион, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил: Неби Реџепи

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

## ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување,**
**на КП 2440/3, КО Коњско**

**ОПШТИНА ОХРИД**

**КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА**

Тех. бр. Y06516

Скопје, април 2016

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување,**
**на КП 2440/3, КО Коњско**

**ОПШТИНА ОХРИД**

**КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА**

Барател: Снегар Компани, ДООЕЛ, Охрид

Тех. бр. Y06516

Раководител на задачата
Александар Ивановски дипл.инж.арх.

Координатор
Весна Мирчевска Димишковска,
дипл.инж.зашт.жив.сред.

Агенција за планирање на просторот

Директор
Љупчо Георгиевски, д.и.а.

Скопје, април 2016

**УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, ОПШТИНА ОХРИД**

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог, или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот

**Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот припаѓа на планскиот опфат на “Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион” заради што е неопходно да се почитуваат и планските определби од овој Регионален план.**

“Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион” кој што претставува разработка на “Просторниот план на Република Македонија“ го донесе Собранието на Република Македонија на 11.02.2010 година. Во таа смисла, а поради потребата од усогласување на планските решенија, временскиот хоризонт на овој регионален просторен план е детерминиран до 2020 година.

Просторниот план е еден од основните инструменти за имплементација на принципите на одржливиот развој преку планските решенија за организација, заштита и уредување на просторот, во услови на комплексна социополитичка и економска трансформација на општеството и нагласена грижа за заштита на животната средина. Планот претставува долгорочен, интегрален, развоен документ, кој ја дефинира просторната организација на Регионот, целите и концепциите на просторниот развој на одделни области и условите за нивна реализација.

Во конкретниот случај, **Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,376 ha, и се наоѓа на земјоделско земјиште: пасишта (III класа).

Предметната локација се наоѓа и во границите на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, запишано во Списокот на светското природно и културно наследство на Конвенцијата на УНЕСКО.

**Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со “Просторниот план на Република Македонија” и со определбите кои се разработени во “Просторниот План на Охридско-Преспанскиот регион”**.

### *Основни определби на Просторниот план*

Основната **стратешка определба** на Просторниот план е остварување на повисок степен на функционална економска и социјална интеграција на Регионот, поврзување со соседните простори пооделно и Републиката во целост.

Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

**Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Чувствителноста на просторот, високата вредност на природните и создадени вредности на регионот наметнуваат потреба во планските решенија, посебно внимание да се обрне на:

- Унапредувањето и заштитата на животната средина;
- Заштита на Охридското и Преспанското Езеро како светско природно наследство;
- Заштита на Регионот како светско културно наследство;
- Зачувување на еколошките вредности, функции и биолошкиот диверзитет во областа на Преспа Парк;
- Интегрална заштита на природната просторна целина на Националните паркови, спомениците на природата (Галичица, Пелистер, Јабланица, Охридско Езеро, Преспанско Езеро) и други категории на природни богатства.

Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

## Местоположба на локацијата и ружа на ветрови




0 0,5 1 2 Km

1:25.000



Општинска граница

Катастарска граница

### *Природни и климатски карактеристики*

**Природните карактеристики** на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

**Климатски карактеристики**: Овој предел се карактеризира со модифицирана континентална клима. Близината на Јадранското Море не допринесува за промена на климата бидејќи помеѓу Јадранот и Охрид се издигнати високи планини. Меѓутоа, влијание има Охридското Езеро кое преку лето акомулира топлина, така да температурата на воздухот во летниот период е пониска, а во зимскиот повисока поради испуштањето на топлината од самото езеро.

Просечната годишна температура во Охрид изнесува 11,1°C, просечниот годишен максимум изнесува 16,2$^0$C, а просечниот годишен минимум изнесува 6,2$^0$C, со годишна амплитуда од 19$^0$C. Апсолутниот минимум во Охрид е -16,6$^0$C, додека апсолутно максималната температура е со вредност 36,7$^0$C. Апсолутното температурно колебање во Охрид има вредност 53,3$^0$C. Во текот на годината најтопол месец е јули со просечна вредност на температура од 20,7$^0$C, а најстуден месец е јануари со просечна вредност од 1,7$^0$C. Треба да се напомене дека со покачување на надморската височина за секои 100 метри, се намалува температурата на воздухот за 0,6$^0$C.

Врнежите во Охридската Котлина се условени од медитеранскиот плувиометриски режим. Поголемиот дел од годишните врнежи паѓаат во ладниот дел од годината, со максимум во доцната есен, а помал во топлиот дел од годината, со минимум во летните месеци. Во Охридското подрачје просечната годиша сума на врнежите изнесува 698,3mm. Во Охрид нај врнежлив е ноември, 94,6mm, потоа декември со 84,1mm и јануари со 71,8mm, а со најмалку врнежи е јули 24,9mm и август 32,8mm. Снегот се јавува од ноември заклучно со април и просечно годишно има 20 денови со снежен покривач, но во поедини години оваа сума се движи од 5 до 43 дена. Просечен број на снежни денови е 25, а мразниот период изнесува 146 дена. Просечно годишно има 5 дена со магла.

Охридската Котлина се одликува со посебен режим на ветрови, условен од езерото. Покрај ветровите што се јавуваат поради општите атмосферски промени, овде се јавуваат и ветрови со локален карактер, како последица на нееднаквото загревање на воздухот над копното и езерската површина. Ветровите во Охридската Котлина имаат и свои локални називи, било по правецот на дувањето или називи што им ги дале охридските рибари. Овие локални ветрови имаат влијание на општиот распоред и зачестеност на правците на ветровите во оваа котлина. Така, по мерењата на мерниот пункт во Охрид, во овој дел преовладува северниот, потоа југозападниот и јужниот ветер.

Во Охрид, преовладува северниот ветер со просечна годишна зачестеност од 297‰, просечната годишна брзина е 2,4m/s, а максималната брзина е 12,3m/s. Северниот ветер дува преку целата година, најчесто во ноќните часови а зачестеноста му е намалена во попладневните часови. Југозападниот и јужниот ветер се приближно со иста зачестеност, 179 односно 176‰, со просечна годишна брзина од 2,9m/s и максимална брзина 18,9m/s. Тие се јавуваат преку целата година но со најголема зачестеност од април до

јуни. Дуваат преку ден, до доцните вечерни часови. Северо-западниот ветер е со зачестеност 73‰, просечна годишна брзина 1,8m/s и максимална брзина 15,5m/s. Западниот е со зачестеност 48‰, просечна годишна брзина 2,7m/s и максимална брзина 15,5m/s. Североисточниот е со зачестеност 43‰, просечна годишна брзина 2,5m/s и максимална брзина 12,3m/s. Источниот и југоисточниот ветер се со иста зачестеност од 23‰, просечна годишна брзина од 3,1m/s и максимална брзина од 18,9m/s.

Охридската Котлина е доста ветровита. Тишината е застапена со само 138‰. Изразито ветровити се месеците септември и октомври, со просечна зачестеност на тишини од 99‰, односно 81‰, а мај е со најголема зачестеност на тишини, просечно од 215‰.

Од локалните ветрови карактеристични се Стрмецот кој дува во летните месеци од запад и југозапад кон езерската шир. Почнува во попладневните часови а престанува некаде пред полноќ. Ветерникот дува од езерската шир на запад кон Јабланица и исток кон Галичица. Започнува во претпладневните а завршува во попладневните часови. Ветерот Сметене започнува некаде од Трпејца кон Пештани и свртува на запад кон езерската шир. Во зима од север дува Северот од Струга кон Свети Наум. Беличникот дува од Галичица кон Пештани и Албанските планини. Ветерот Сточен се спушта од Галичица од селото Трпејца кон Св. Наум и од селото Пештани кон селото Лион на албанското западно крајбрежје. Во пролетните месеци дува Ноќникот од западните и источните планински масиви кон езерската шир. Почнува по зајдисонце а престанува некаде в зори. Југот започнува некаде околу 13 часот а престанува по полноќ.

Просечен број на ведри денови е 98 дена, облачни 174 и тмурни 94 дена. Просечна годишна влажност на воздухот е 93%.

Податоците се од мерна станица Охрид.

### *Економски основи на просторниот развој*

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности .

**Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот припаѓа на планскиот опфат на “Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион” заради што е неопходно при реализацијата на предвидената ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско во општина Охрид на површина од 0,376 ha, да се почитуваат и определбите на овој Регионален план во областа на "Економските основи на просторниот развој на Регионот".**

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Со разместувањето на производните и услужни капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на

развојот како што е градот Охрид со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Развојните полови како поврзани единици во некаква “линија” ги формираат оските на развојот. Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за општината Охрид на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање се две развојни оски: “Северната” и “Јужната развојна оска”. “Северната” оска се формирала по Втората светска војна во северниот и западниот дел на државата и ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Кичево - Гостивар- Тетово – Скопје – Куманово - Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р. Бугарија и на запад кон Елбасан-Р. Албанија.

Во Македонија постои и оската која би можела да се нарече “Јужна”, макар што како таква досега е ретко споменувана. Таа ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип - Кочани-Делчево и продолжува кон Благоевград во Р. Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан-Р. Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи и т.н., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

Организацијата, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско-Преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси. Врз овие основи, поттикнување на економскиот и севкупен развој на Регионот, може да се оствари со селективна алокација на инвестициите, подобра сообраќајна поврзаност, со комунално опремување и изградба на објекти на општествен стандард, со даночната и кредитна политика, со политика на зголемување на инвестициите итн. Примат во планираниот развој на вкупната економија на Регионот треба да добие и разместеноста на економските дејности во насока на порамномерен развој и алокација на стопанските активности со цел поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја и пограничните населени простори.

Со процесот на децентрализација забележителна е улогата на локалната власт во сферата на унапредување и поттикнување на условите за подинамичен развој на општината. Како приоритетна активност се издвојува изработката на програми за економски развој на ниво на општини со мерки и инструменти за реализација на овој План.

Со насоките и определбите за ораганизација и уредување на просторот со работна функција и алокација на производните и услужни капацитети, треба да се обезбеди економски просперитет на населението и населбите како во урбаните така и во руралните подрачја на Регионот. Развојот на економијата се насочува кон алоцирање на производни и услужни дејности коишто не се во конфликт со режимот на заштита на овие простори.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економски активности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

**Реализацијата на ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско во општина Охрид, ќе биде во функција на развој на туризмот во локалната економија и согласно "Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион", треба да се почитуваат предложените плански определби за заштита на животната средина и одржлив развој почитувајќи ја соодветната законска регулатива.**

***Користење и заштита на земјоделското земјиште***

**Заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Усклaдување на обемот и начинот на користење на земјоделското земјиште со природните и почвените услови на соодветниот реон;
- Запирање на тенденциите на стихијна пренамена на земјоделските површини во непродуктивни, особено во приградските опкружувања и заштита на земјоделското земјиште како главен предуслов за ефикасно остварување на производните функции;
- Зголемување на економската ефикасност на аграрниот сектор и натамошно интензивирање на овоштарството со посебен акцент на јаболкопроизводството како доминантна земјоделска гранка;
- Искористување на компаративните предности на регионот и одделните микрореони за поголем степен на финализација и рестартирање на преработувачките капацитети и нивно задоволување со суровини и ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање на програмата за макро и микрореонирање на земјоделското производство за рационално искористување на природните ресурси;
- Спречување на деградацијата на педолошкиот слој и подобрување на неговите производни својства, зголемување на обработливите површини на терените каде постојат услови, како и максимално можно интензивирање на земјоделското производство;
- Иницирање на широка кампања за едукација, маркетинг и мотивација на земјоделските производители за примена на биотехнологии и еко-лошки ѓубрива.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Големоезерскиот реон поделен на 3 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште пасиште – III класа.**

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми пред одобрување на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

### *Водостопанство и водостопанска инфраструктура*

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за “воден ресурс” зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): “Полог”, “Скопје”, “Треска”, “Пчиња”, “Среден Вардар”, “Горна Брегалница”, “Средна и Долна Брегалница”, “Пелагонија”, “Средна и Долна Црна”, “Долен Вардар”, “Дојран”, “Струмичко Радовишко”, “Охридско - Струшко”, “Преспа“ и “Дебар”. Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот на кој се предвидува изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, припаѓа на водостопанското подрачје “Охридско - Струшко” кое го опфаќа сливот на Охридското Езеро и сливот на реката Црн Дрим од истекот од Охридското Езеро до акумулацијата “Глобочица”.

Во Република Македонија регистрирани се вкупно 4.414 извори од кои со штедрост над 100 l/s регистрирани се 58. Во сливот на Црн Дрим со Охридско Езеро регистрирани се 7 значајни извори, меѓу кои изворите Св. Наум со штедрост од над 10 $m^3$/s и Вевчанскиот Извор со штедрост од над 1,5 $m^3$/s.

Заради значењето и важноста на Охридското Езеро како споменик на природата, секој субјект во сливот на Езерото е должен да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти и ризици за човековото здравје и за животната средина.

Основна цел во развојот на водостопанството, согласно Просторниот план на Република Македонија, е континуирано обезбедување на квалитетна вода за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија.

Градот Охрид и селата Пештани, Елешац, Лагадин, Долно Коњско, Исток, Свети Стефан, Рача и Орман се водоснабдуваат од Охридскиот

водоснабдителен систем. За Охридскиот водоснабдителен систем се зафаќаат води од Охридско Езеро, од Летничките Извори, Билјанините Извори и Бејбунар и од бунарското подрачје Студенчишта.

За квалитетно и континуирано водоснабдување на објектите во границата на планскиот опфат потребно е нивно приклучување на Охридскиот водоснабдителен систем. Доколку нема можност за приклучување и се користи независен извор на вода потребно е:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално користење на водата преку модернизација на системот за водоснабдување.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се избегне пореметувањето на режимот на нивното хранење.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на водите. Изградбата на населбата треба да се одвива паралелно со изградбата на **инфраструктура за прифаќање на отпадните води**.

Од 1988 год. во функција е системот за заштита на Охридското Езеро од комунални отпадни води. Се предвидува на овој систем да се приклучат населените места на крајбрежјето на Охридското Езеро. Отпадните води од населбата да се приклучат на колекторот за заштита на Охридското Езеро. Доколку не постојат услови за приклучување на колекторскиот систем отпадните води од планскиот опфат мора да бидат подложени на третман на пречистување во локална пречистителна станица пред да се испуштат во реципиентот.

### *Енергетика и енергетски инфраструктура*

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р. Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство. За урамнотежување на потрошувачката и преносот на електричната енергија во сите делови на Р.Македонија се планира подобрување на квалитетот и доверливоста на работата на електропреносната мрежа.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Р. Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид нема конфликт со постојните и планирани преносни и дистрибутивни водови. Така постојниот 35kV вод Охрид2-Градиште минува на 0,5km источно од оваа локација.

***Гасоводен систем***

**Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р. Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Р. Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-5 Скопје-Кичево со крак Кичево- Охрид со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион, но оваа траса не е точно утврдена.

***Население***

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

**Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Охрид на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 55.749**

**жители, од кои 43.4% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.**

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

***Урбанизација и систем на населби***

**Урбанизацијата** како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија. Планскиот концепт на развојот и уредувањето на селските подрачја претставува значајно, стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Негова основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во руралната средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален-сеопфатен развој на селото.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во **Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион:**

- Порационална организација на населбите врз основа на дефинирање на специфичните развојни потреби;
- Стимулирање на целта за задржување на населението во матичната средина преку афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопани-сувањето, компаративните погодности за развој и неопходна социјална и економска сигурност;
- Запазување и афирмирање на културните и природните особености и вредности и квалитетот на животната средина;
- Интензивирање на позитивните форми на трансформација и социо-економски развој на селото преку оптималното искористување на ресурсите и зголемена динамика на економскиот развој, во согласност со современите принципи на пазарното стопанство;
- Зголемување на нивото на економската и социјалната згриженост, со непосредно влијание врз зголемувањето на мотивираноста на селското население и искажување на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во руралната средина и создавање на неопходна економска и социјална сигурност;
- Зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво.

Изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, **би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Во таа смисла, одредени иницијативи за просторен развој кои се манифестираат со зафаќање на нови простори, проширување на урбаните опфати и регулирање на постојните градежни подрачја треба да се преиспитуваат согласно решенијата од повисок, стратешки интерес за државата. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи;
- Изградбата на викенд населби (времено сместување), стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.

***Домување***

Во планските определби и насоки на Просторниот план од аспект на организација на домувањето, како една од основните функции на населбите, применета е концепцијата на полицентричен развој која го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, што е особено важно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развојот.

Во просторно планските документи домувањето често се набљудува како последица на промените во другите развојни сфери, но, концепцијата на полицентричен развој упатува на потребата од третирање на домувањето како посебен тип на развоен ресурс.

Современите функционални барања на домаќинството за живеење, образование, воспитување, култура, здравство и друго, доведуваат до **трансформација на традиционалниот тип на домување** и проширување на неговата основна функција за задоволување на егзистенцијалните потреби на домаќинството, преку внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот.

Домувањето на современ, културен начин не значи само престој во затворен стан, туку и во отворени простори, можност за користење на околни спортски терени, остварување на блиски врски со јавните функции, можност за одмор и освежување.

Инцијативата за изработка на **Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид**, ќе даде придонес кон трансформација на традиционалниот тип на домување преку проширување на неговата основна функција односно внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот односно градење на станови кои се користат повремено во текот на годината.

***Јавни функции***

Организацијата на јавните функции е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет. Концепцијата на организација на јавните функции се надополнува и усогласува со промените во политичко-институционалниот систем на државата, како и со новите тенденции на организирање и финансирање на овие дејности.

На предложениот простор наменет за **изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид** нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

***Трговија и занаетчиство***

Развојот на трговијата и занаетчиството е во интерактивна спрега со динамиката на развој на вкупната економија и процесот на урбанизација како на градските средини така и на руралните населби. Со процесот на трансформација на економскиот систем врз пазарни основи остварен е подем на приватното претприемништво. Се отвараат нови приватни фирми во областа на трговијата и занаетчиството, кои според карактерот на дејноста претставуваат потенцијал за поефикасно вршење на услугите и задоволување на потребите на корисниците на услуги.

Концепцијата за развој и разместеност на трговската и занаетчиска дејност предвидува лоцирање на трговски и услужни центри и помали објекти во урбаните средини, на главните влезни и излезни правци од градот Охрид, по должината на главните градски трговски улици, во близина на атрактивните туристичко-рекреативни локалитети придружени со комплементарни содржини и особено промовирањето на традиционалните занаети карактеристични за руралните средини.

Развојот на овие дејности според концептот на Регионалниот план ќе биде насочен кон сите простори со комплементарни функции каде што постојат можности за нивно лоцирање во согласност со основните принципи на пазарно работење, одржлив развој и заштита на животната средина.

При изборот на конкретни локации за организација на терцијарните дејности основен принцип е: доближување на продажниот простор и други услуги до корисниците, концентрација и специјализација на објектите (трговски и услужни), проширување на асортиманот на стоките и услугите и современа технологија во организација на пласманот и продажбата.

**Реализацијата на предложениот ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување на површина од 0,376 hа во КО Коњско, општина Охрид, ќе биде во функција на поттикнување и на развојот на трговијата и занаетчиството кои се комплементарни дејности на намената на планираните за изградба објекти. При тоа треба да се почитуваат определбите од “Просторниот план на Република Македонија” и “Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион” за заштита на животната средина и одржлив развој.**

### *Сообраќај и врски*

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

– екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
– интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

– **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ.
– **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. весник на РМ, број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

– **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

– север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),

- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) е:

- **Р-501** - (Охрид-врска со М-5-Свети Наум-гр. со Р.Албанија).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. весник на РМ, број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој регионален патен правец влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и се преименува со ознаката:

- **Р1301-** (Охрид-врска со А3-Свети Наум-гр.со Р. Албанија)

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

**При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Закон за јавни патишта (Службен весник на Република Македонија, број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15).**

***<u>Железнички сообраќај</u>***: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ........................ 213,5 km
- СР - Блаце-Скопје....................................................... 31,7 km
- ГР -Кременица-Битола-Велес.................................. 145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово .................................... 84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје ......................................... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

***Воздушен сообраќај:*** Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје да се оспособи за прием и опрема на интерконтинентални авиони (со продолжување на постојната полетнослетна патека, или со изградба на нов аеродром на друга локација), аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

***Телефонска мрежа***

Стратешка ориентација на Р.Македонија е развој на транспортен сектор кој ќе биде одржлив, интегриран во европските системи и кој ќе го подржува и поттикнува нејзиниот економски и просторен развој. Со развој на разните видови на комуникациска инфраструктура се постигнува поголема интеграција на Македонија, стопански и културен развој и поврзаност со соседните држави.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници. Комуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Охрид.

***Мобилна телефонија***

Кориснички компании за мобилна телефонија во Р. Македонија се: Т-Мобиле и ОНЕ.ВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот,
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на мобилна телефонија на двете компании.

### *Заштита на животната средина*

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За

разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Главен предизвик за одржлив развој во туризмот е реализацијата на економските потенцијали, со најмало можно влијание врз животната средина. Ако туризмот не се води правилно од аспект на заштита на животната средина, постои голема веројатност да настанат штети не само за животната средина, односно природните ресурси, туку на долгорочен план може да дојде до значително намалување на потенцијалите на туристичкиот сектор со импликации и врз економскиот развој на истиот.

Можни закани по животната средина од предвидените за изградба објекти со намена А4-времено сместување се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации, несоодветно управување со отпадот, прекумерна експлоатација на природните ресурси и нарушување на стабилноста на екосистемите.

**Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

На подрачјето на Охридско-преспанскиот регион не се воспоставени мерни места за следење на квалитетот на воздухот, што ја отежнува проценката на реалната состојба и истовремено ја наметнува потребата од интегрирање компонентата на управување со квалитетот на воздухот во урбанистичкото планирање. Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Процесот на еутрофикација предизвикан од директната емисија на отпадни води во Охридското Езеро, како и од вливот на загадените притоки во него, може значително да влијае врз вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна во езерото. Создадените отпадни води треба да бидат приклучени на колекторот за заштита на Охридското Езеро, но доколку не постојат услови за приклучување на колекторскиот систем да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води. Задолжително испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се

загрозиле неговите природни вредности. Потенцијалната ерозија наземјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација. Мерките за контрола на ерозивните процеси за време на изградбата вклучуваат примена на оградувања на нагибите.

Уредување на комплексот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

На просторот на Охридско-Преспанскиот регион, влијанието на бучавата врз луѓето и биодиверзитетот е се поизразено, поради големата концентрација на низа активности во функција на туризмот кои продуцираат интензивна бучава. Потребно е да се преземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Да се спроведе организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите. При изработка на Локалната урбанистичка планска документација да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

### *Заштита на природното наследство*

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, урбанистичко планската документација треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и

# Светско природно и културно наследство во Охридскиот регион




Граница на УНЕСКО (согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион-Сл.в. на РМ, бр.75/2010)

извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16) и Законот за животна средина (Службен весник на РМ, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Во Охридско-Преспанскиот регион, покрај постојните 19, со Републички акт, односно решение заштитени објекти, предвидени (предложени) се и 25 нови простори кои според своите карактеристики и природни вредности треба да се стават под соодветен режим на заштита.

**Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се изработува Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, се наоѓа во непосредна близина на заштитени: Споменик на природата Охридско Езеро и Национален Парк Галичица:**

**ОХРИДСКО ЕЗЕРО СП (споменик на природата - заштитен)**

Во Охридското Езеро заради географската изолираност и поволните хидрографски услови, зачувани се и во него живеат околу 146 видови ендемични организми. Еден дел од нив претставуваат живи фосили речиси неизменети од времето на терциер наваму - ендемскиот сунгер, реликтните видови полжави (над 27) од кои 86% се ендемични, неколкуте реликтни видови глисти, охридската пастрмка (*Salmo letnica*), белвицата (*Acantolingua ochridana*) и др. видови риби со ендемски карактер, како и поголем број реликтни видови алги меѓу кои најбројни се дијатомеите. Заради ваквото богатство со природни вредности, Охридското Езеро во 1979 година е внесено во Списокот на светското наследство како природно добро, а во 1980 година поради значајните културно-историски вредности во поширокиот простор тоа е номинарано и како Охридско природно и културно - историско подрачје. Површината на езерото изнесува 23000 ha. Важи за еден од најзначајните туристички знаменитости во Р.Македонија и со културно историско значење од светски размери; научно-истражувачки зоолошки објект и со посебни геоморфолошки и хидролошки вредности; објект со многустрана биолошка намена; биотоп на слатководна фауна и орнитофауна.

Присутни негативни појави од антропогени дејствија: диви депонии, дивоградби, насипување на делови од крајбрежјето со градежен шут. опасност од загадување на изворите кај Св.Наум од постојната сообраќајница. Треба да се преземат ригорозни мерки за спречување на присутнате деградации.

Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (*International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN*) има *меѓународен статус*: III и *режим на заштита*: 2, 4, 5 и 7.

**ГАЛИЧИЦА НП (Национален парк - заштитен)**

Националниот парк Галичица се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија, на територија што се простира долж македонскиот дел од масивот на планината Галичица, Сува Гора и на делови од нејзините ограноци Исток и Пречна Планина, вклучително и островот Голем Град во Преспанското Езеро. Вкупната површина на Националниот парк Галичица изнесува 24.151,4 ha. Националниот парк, како комплексна целина со Охридското и Преспанското Езеро претставува релативно ограничена област со многу високо и богато ниво на биолошка разновидност, хетерогеност и ендемизам, проценета како најимпресивна европска локација, кога се зборува за богатство на биолошка разновидност и присуство на ендемични видови.

*Ендемични растенија и животни:* Во Паркот се среќава исклучително голем број на локални ендемити од кои: 29 таксони од алги, 12 видови од скриеносемените растенија и 68 фаунистички видови. Покрај тоа, во Паркот се среќава голем број на други таксони кои се ендемични за Р.Македонија, од кои: 46 таксони од вишите растенија и 123 таксони од фауна. Фауната во Паркот е застапена и со 172 видови на Балкански ендемити, од кои: 158 видови од Инвертебратната фауна, четири (4) видови на водоземци, пет (5) видови на влечуги и пет (5) видови на цицачи. Поради присуството на овие видови, Паркот има големо значење за зачувување на биолошката разновидност во Р.Македонија, но и за науката на глобално ниво.

*Видови од големо социоекономско значење:* Во Паркот се среќаваат голем број растенија и габи чии делови се собираат поради нивите хранливи, лековити и ароматични својства, за лична употреба или за комерцијална намена. Меѓу нив, по своето значење се издвојуваат охридскиот чај *(Sideritis reaseri)* и смреклинките *(Juniperis communis)*.

*Видови кои се силно препознатливи и атрактивни за локалното население и посетителите:* Од вишите растенија тоа се: галичичкиот смил (*Helichrysum zivojini*), галичичката качунка *(Crocus cvijici)*, охридскиот чај *(Sideritis raeseri)*, галичичкиот козинец *(Astragalus mayeri)*, дивата фоја *(Juniperus excelsa)*, персиската морина *(Morina persica)*, галичичкиот чуваркуќа *(Sempervivum galicicum)*, македонскиот даб *(Quercus trojana)*, омеликата *(Genista radiata)* и *Lilium heldreichii*. Од габите, во оваа група на видови се вбројуваат јајчарката *(Amanita caesarea), Battarraea phalloides, Hymenochaete cruenta, Myriostoma coliforme, Pisolithus arhizus* и *Pyrofomes demidoffii.* Од без’рбетниците тоа се: сагата *(Saga pedo)*, алпската стрижибуба *(Rosalia alpina*), еленчето *(Lucanus cervus),* царското самовилско коњче *(Anax imperator), Paracaloptenus caloptenoides, Calosoma sycophanta* и *Carabus gigas.* Од 'рбетниците голем број од птиците се вбројуваат во оваа група, особено грабливите птици, пеликаните и многу други. Од цицачите тоа се кафеавата мечка *(Ursus arctos),* рисот *(Linx linx),* волкот *(Canis lupus)*, дивата коза *(Rupicapra rupicapra balcanica)*, обичниот елен *(Cervus elafus)* и срната *(Capreolus capreolus).*

Покрај биолошката разновидност, меѓу клучните природни вредности на Паркот се вбројуваат и ретките геоморфолошки феномени. Стара Галичица и островот Голем Град по нивните севкупни геоморфолошки карактеристики се ретки или единствени форми во Југоисточна Европа. Од поодделните форми на релјефот на стара Галичица се издвојуваат тревните тераси кон Преспанската страна на Стара Галичица, кои со одредени свои карактеристики се единствени, или исклучително ретки во евромедитеранскиот регион, но и глобално. Покрај нив значајни се и камените потковици во внатрешноста на

цирковите на Стара Галичица, кои се ретки или единствени форми во Југоисточна Европа, додека самите циркови имаат големо национално значење.

*Зонирање на паркот:* Согласно Законот за заштита на природата и целите на управување утврдени со Планот за управување со Националниот парк Галичица, во Паркот се воспоставуваат следните зони:

- Зона за строга заштита со вкупна површина од 2.117 ha;
- Зона за активно управување со вкупна површина од 12.275 ha;
- Зона за одржливо користење со вкупна површина од 9.612 ha и

Заштитен појас со вкупна површина од 147 ha.

Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства *(International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN*) НП Галичица има м*еѓународен статус*: II категорија.

Заштитна категорија према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (*International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN*):

**Меѓународен статус: IUCN II - Национални паркови**

Националните паркови се релативно големи области кои содржат репрезентативни примероци за значајните природни региони, или каде растителните и животинските видови, геоморфолошките положби и области се од специфична научна, образовна и рекреативна значајност (интерес). Тие содржат еден или неколку цели екосистеми кои не се материјално земени од човекова експлоатација или окупација. Најкомпетентните авторитети во земјата кои имаат јурисдикција врз тие области да преземат чекори за заштита или елиминирање на експлоатацијата и окупацијата и ефективно да се грижат за почитување на еколошките, геоморфолошките или естетските карактеристики.

Областа треба да е одржувана така, за да ги одржува рекреативните и образовните (научни) активности на контролирано ниво. Областа да се одржува во природна или скоро природна состојба. Влегувањето на посетителите да е под специјална контрола за образовни, културни и рекреативни цели.

**Меѓународен статус: IUCN III - Споменици на природата**

Овие категории обично содржат една или повеќе специфични природни обележја со извонредно национално значење, кои поради единственоста и реткоста, мораат да бидат заштитени. Овие специфични карактеристики за да бидат идеално заштитени треба да бидат ослободени од нарушувањата создадени со човечките активности или тие активности треба да бидат сведени на најмала можна мера, т.е. не треба да постои евиденција на такви активности. Овие области не се по големина одредени доколку содржат различност на карактеристики или репрезентативни екосистеми кои ќе ги оправдаат нивните вклучувања како национален парк. Големината не е значаен фактор, овие области треба само да бидат доволно големи за да го заштитат интегритетот на положбата. Иако оваа категорија може да има рекреативна и туристичка вредност, треба да биде управувана така, за да биде релативно ослободена од човековото вознемирување.

Овие области може да ги поседуваат или управуваат две централи или други државни владини агенции или организации толку долго колку е потребно да се осигура дека ќе бидат уредени кон заштита на нивните важни карактеристики за подолг период.

Режими на заштита согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на Република Македонија (2004 година) - Студија за заштита на природното наследство:

**РЗ 2: Режим на заштита за подрачја со значајни површински геоморфолошки карактеристики**

*Ограничувања:*

Во подрачјата со значајни површински геоморфолошки карактеристики и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- изведување на земјени работи (откопување и засипување на теренот);
- изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);
- стопанско искористување на природните богатства кои се предмет на заштита;
- поставување табли (рекламни или др.), знамиња или светлосни натписи;
- сокривање или нарушување на поважните видици на споменикот со нови градби, огради, антени, жичани водови и т.н. на потесното подрачје на споменикот;
- неорганизирано изведување на екскурзии и спортови (качување по карпести обелисци и др.).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- уредување на подрачјето за посетители (изградба на сообраќајна инфраструктура, одмаралишта, видиковци, поставување на инфо-табли и друго);
- отстранувањето на вегетацијата што го запираат видикот кон подрачјето (кастрење дрвја и грмушки во околина на подрачјето);
- земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно-образовни цели.

*Забелешка:*

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

**РЗ 4: Режим на заштита за хидролошки значајни подрачја**

*Ограничувања:*

Во хидролошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- загадување на водата (директно испуштање на канализациска, технолошка и атмосферска отпадна вода);
- искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водата (изградба на брани, вештачки езера, хидроенергетски објекти и друго);

- менување на природната температура на водата (употреба на водата за ладење на енергетски или индустриски објекти);
- менување на составот на водата (промена на pH, количеството на органски или неоргански материи);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- поголеми регулациски градежни работи (промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, градење на прагови, утврдување на бреговите со зидани или бетонски насипи, градење на водени пречки и т.н.);
- изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);
- да се ограничи пристапот до водата доколку тоа не е од заштитни причини;
- фрлање на отпадоци во коритото, на брегот или во непосредната близина на водата;
- возење со моторни чамци (освен со електрични мотори).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- изградба на сообраќајна инфраструктура;
- менување на крајбрежната вегетација (проредување и сечење на дрвја и грумушки, засадување на бреговите и т.н.);
- внесување на животински или растителни видови во водата или на крајбрежјето;
- експлоатација на нанос, песок или калиште од крајбрежјето или од дното на коритото, изведба на помали регулациски, градежни работи (чистење на дното на определени делови и т.н.),

*Дозволено е:*

- возење со чамци и едрење;
- посетување и задржување (шетање, капење, сончање) околу водата доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов (во согласност со прописите за рибарство);
- научно истражувачки активности на водената фауна и флора.

### РЗ 5: Режим на заштита за ботаничко значајни подрачја

*Ограничувања:*

Во ботаничко значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- менување на растителниот состав на подрачјето (отстранување или менување на вегетацијата);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- менување на составот на водата (промена на pH, количеството на органски или неоргански материи);
- отстранување на земјата или каменитата подлога на водотеците, засипување, фрлање на отпаден материјал и т.н., менување на киселоста или алкалноста на почвата;

- ископување, берење, оштетуваат или кршење на растенијата, или уништување на вегетациските формации кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- собирање на семиња и плодови на растенијата кои се предмет на заштита;
- други активности на постојниот локалитет кои имаат штетно влијание врз растенијата или вегетациските формации, кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површински или подземни води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства (растенија, нивните семиња или плодови) за научно-истражувачки и воспитно образовни цели.

*Забелешка:*

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

*Дозволено е:*

- стопанско искористување на природните богатства, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување и т.н.);
- лов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- посета на локалитетот и фотографирање на растенијата, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.

**РЗ 7: Режим на заштита за зоолошки значајни подрачја**

*Ограничувања:*

Во зоолошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- изведување на активности кои ќе предизвикаат промени во животните услови на потесното подрачје (отстранување на вегетација или промени во вегетациската структура, изведување на земјени работи, отстранување на каменести или земјени подлоги, промени на нивото на површинските и подземните води, фрлање на отпад и друго);
- собирање, ловење на животни (возрасни примероци или нивните развојни форми);
- оштетување или уништување на гнезда или места каде што животните се размножуваат или здружуваат;

- изведување на активности кои предизвикуваат бучава и вибрации;
- вештачко осветлување на животните, нивните гнезда, живеалишта, засолништа и места каде што се хранат или размножуваат;
- други штетни влијанија на животните кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површинските и подземните води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно образовни цели.
- набљудување, фотографирање или снимање на животните.

*Забелешка:*

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

*Дозволено е:*

- стопанско искористување на природните богатства на подрачјето, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување и т.н.);
- лов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.

**Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл.в. на РМ, бр.75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвеницијa.**

**При изработка на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16), подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро (Сл.в. на СРМ бр.45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), како и заштитните категории и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.**

Доколку при изработка на урбанистичко планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно

наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културно наследство***

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните средини** и ридско - планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

Подрачјето кое е предмет на анализа припаѓа на Охридскиот регион каде според Просторниот план на **Охридско - преспанскиот регион** и врз база на заштитно-конзерваторски основи, утврдено е значајно културно наследство:

– црква регистрирана со решение:
  1. *Црква Св.Стефан, Коњско, 14 век;*
– археолошки локалитети кои поседуваат елементи да бидат прогласени за споменички добра:
  2. *Арх.локалитет “Градиште”, с.Коњско, хелинистики период, населба тврдина;*
  3. *Арх.локалитет “Мало Коњско”, с.Коњско, среден век развиен, словенска населба;*
  4. *Арх.локалитет “Св.Мартинија”, с.Коњско, среден век развиен, остатоци од црква;*
  5. *Арх.локалитет “Св.Петка”, с.Коњско, среден век развиен, сакрален објект.*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се следните локалитети:

– **КО Коњско** - *Градиште,* утврдена населба од хелинистичко време, се наоѓа на околу 1.5 km северозападно од селото, а источно од хотелот Метропол; *Мало Коњско,* средновековна населба, се наоѓа во северниот крај на селото.

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот ***локалитет со културно наследство*** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

– задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
– планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
– измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

***Туризам и организација на туристички простори***

Туризмот претставува отворена можност за учество на чинители кои имаат заеднички интереси и интеракциски односи. **Туризмот во Охридско-Преспанскиот регион претставува дејност од посебен интерес**.

Ваквиот приод подразбира дека општата интегративна заложба во креирањето на туристичкиот развој и организацијата на туристичките простори во рамките на Охридско-Преспанскиот регион ќе се темели и на усвоените просторни решенија во сферите кои се во непосредна врска со туристичкиот развој.

Појдовна основа на концептот за развој на туризмот и организација на туристичките простори претставува значењето на природното и антропогено наследство. Туризмот има битна улога во унапредувањето и витализацијата на просторните ресурси. Положбата на регионот ги отвора можностите во поглед на контактноста, транзитноста и поливалентноста. Важна појдовна основа е и недоволната застапеност на туристичките потенцијали на туристичкиот пазар, како и конјуктурата на туристичката посетеност.

Развојот на туризмот во овој регион се темели на природните и антропогените фактори кои во локациска смисла овозмозуваат издржана диференциација на посебни видови туризам и соодветни активности.

Овој регион е туристички најатрактивен во Р. Македонија.

Сместувачките капацитети во првите пет години треба да го достигнат нивото од 1990 година. Тоа значи со годишен пораст од 3,5%, бројот на легла во 2020 год. ќе изнесува 80.000.

Во рамките на туристичката регионализација на Република Македонија, **Охридско-Преспанскиот регион е дефиниран како еден од 10-те туристички региони, кој е особено значаен поради тоа што има и меѓународен карактер.**

Систематизацијата на туристичките просторни единици базирана на предложената регионализација во Просторниот план на Република Македонија е подетално разработена согласно просторната распределба на туристичките зони и локалитети. Со Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион утврдени се следните туристички зони: Зона Преспа, Зона Преспа II, Зона Дебарца, Зона Галичица, Зона Дримско-Глобочишка, Зона Јабланица, Зона Струга и Зона Охрид.

**Предметната локација припаѓа на Зона Охрид со 29 туристички локалитети. Локалитетот Коњско припаѓа на туристичките простори со меѓународно значење. Комплексната туристичка понуда на овој локалитет дава можности за развој на повеќе видови туризам како што се езерски, риболовен и др.**

Туристичкиот развој подразбира зачувување на животната средина затоа што не е можен туристички развој во средина во која се нарушени односите во еко-системите.

Со оглед на тоа што поголем дел од туристичките локалитети просторно се сместени во крајбрежните појаси на езерата, активностите во нив треба да се усогласат со режимите и мерките за заштита кои се дефинирани за појасите од 300, 500 и 1000 метри оддалеченост од бреговата линија. Тие произлегуваат од определбите на националната, меѓународната регулатива, особено од **препораките на УНЕСКО**. Според тоа, уредувањето на овие простори треба да се базира на сеопфатно истражување и анализа и планските решенија со интегрирана стратешка оценка на влијанија, односно оценка на влијанија врз животната средина.

Туризмот мора да го заштитува просторот од другите некомплементарни активности со кои доаѓа во просторна колизија, но исто така и од самиот себе, за да го зачува основниот ресурс на кој го темели својот развој. Еден од најважните начини на контролирање на просторниот развој на туризмот е по пат на утврдување на носечкиот капацитет на туристичкиот простор.

Капацитетите на сместувачките капацитети на крајбрежјата на Регионот треба да се проектираат во рамките на 65 000 легла, а имајќи ги предвид капацитетите на плажите и другите просторни содржини, вкупниот број на легла треба да изнесува 80 000.

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, се наоѓа во Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" број 93/12 41/14 и 129/15), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање , изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Обврска за изградба на засолништа за дополнителна заштита имаат инвеститорите на станбени и станбено деловни објекти.

***Сеизмичките појави - земјотресите*** се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди ($M<6,0$) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со

доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Охрид.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;

- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, лупени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

**Прво ниво**: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

**Второ ниво**: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

**Трето ниво**: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

### *Усогласување на планската документација со Просторниот план*

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион,** како негова разработка, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за државата;
- Капацитетите за користење на природните ресурси.
- намената и користењето на површините;
- Основите на долгорочната политика на урбанизација;
- Мрежата на големата инфраструктура;
- Определбите за заштита на животната средина, природното и културното наследство.

Во однос на намената на површините, определбите на Просторниот план на Државата и Просторниот план на Регионот се:

- При изработка на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните градежни региони, а надвор од овие рамки на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд зони, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Просторите во близина на пороите да се исклучуваат од зони за изградба на објекти и истите да се заштитуваат од можните излевања и наноси со предвидување на заштитни зелени површини.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој;
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација;
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина;
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

**Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,376 ha, и се наоѓа на земјоделско земјиште: пасишта (III класа).

Предметната локација се наоѓа во границите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, како и во границите на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, запишано во Списокот на светското природно и културно наследство на Конвенцијата на УНЕСКО.

**Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со "Просторниот план на Република Македонија" и со определбите кои се разработени во "Просторниот План на Охридско-Преспанскиот регион".**

При изработка на Локалната урбанистичка планска документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија:

### *Економски основи на просторниот развој*

- Организацијата, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско-Преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси.
- **Реализацијата на ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско во општина Охрид на површина од 0,376 ha, ќе биде во функција на развој на туризмот во локалната економија и согласно "Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион", треба да се почитуваат предложените плански определби за заштита на животната средина и одржлив развој почитувајќи ја соодветната законска регулатива.**

### *Заштита на земјоделско земјиште*

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Големоезерскиот реон поделен на 3 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште пасиште – III класа.**

### *Водостопанство и водостопанска инфраструктура*

- Градот Охрид и околните села се водоснабдуваат од Охридскиот водоснабдителен систем. За квалитетно и континуирано водоснабдување на објектите за времено сместување потребно е нивно приклучување на овој водоснабдителен систем. Доколку нема можност за приклучување и за водоснабдување се користи независен извор на вода потребно е: дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните и примена на современи технологии во управувањето на водоснабдителниот систем.
- За заштита на Охридското Езеро од комунални отпадни води во функција е колекторскиот систем. Отпадните води од објектите треба да се приклучат на колекторот за заштита на Охридското Езеро. Доколку не постојат услови за приклучување на колекторскиот систем отпадните води мора да бидат подложени на третман на пречистување во локална пречистителна станица пред да се испуштат во реципиентот.

### *Енергетика и енергетска инфраструктура*

- Локацијата за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, нема конфликтни точки со постојните и планирани енергетски инфраструктурни водови.
- Локацијата за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, нема конфликтни точки со постојните и планирани комуникациски инфраструктурни водови.

### *Урбанизација и систем на населби*

- Изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

### *Домување*

- Инцијативата за изработка на **Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид**, ќе даде допринос кон трансформација на традиционалниот тип на домување преку проширување на неговата основна функција односно внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот односно градење на станови кои се користат повремено во текот на годината.

### *Јавни функции*

- На предложениот простор наменет за **изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид** нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

*Трговија и занаетчиство*

- Концепцијата за развој и разместеност на трговската и занаетчиска дејност предвидува лоцирање на трговски и услужни центри и помали објекти во урбаните средини, на главните влезни и излезни правци од градот Охрид, по должината на главните градски трговски улици, во близина на атрактивните туристичко - рекреативни локалитети придружени со комплементарни содржини и особено промовирањето на традиционалните занаети карактеристични за руралните средини.
- Реализацијата на предложениот ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување на површина од 0,376 ha во КО Коњско, општина Охрид, ќе биде во функција на поттикнување и на развојот на трговијата и занаетчиството кои се комплементарни дејности на намената на планираните за изградба објекти. При тоа треба да се почитуваат определбите од “Просторниот план на Република Македонија” и “Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион” за заштита на животната средина и одржлив развој.
- При изборот на конкретни локации за организација на терцијарните дејности-трговија и занаетчиство, основен принцип е доближување на продажниот простор и други услуги до корисниците на услугите, концентрација и специјализација на објектите (трговски и услужни), проширување на асортиманот на стоките и услугите и современа технологија во организација на пласманот и продажбата.

*Сообраќајна инфраструктура*

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ.

  **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија.
- Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. весник на РМ, број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

  **А3** - (Крстосница Требеništе-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Закон за јавни патишта (Службен весник на Република Македонија, број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15).**

***Комуникациска мрежа***

- Локацијата за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, нема конфликтни точки со постојните и планирани комуникациски инфраструктурни водови.

***Заштита на животна средина***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Отпадните води треба да бидат приклучени на колекторот за заштита на Охридското Езеро, но доколку не постојат услови за приклучување на колекторскиот систем да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација.
- Уредување на комплексот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
- Да се преземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата на значајни видови и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.
- При изработка на Локалната урбанистичка планска документација да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

***Заштита на природно наследство***

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се изработува Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, се наоѓа во непосредна близина на заштитени: Споменик на природата Охридско Езеро и Национален Парк Галичица.**
- **Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл.в. на РМ, бр.75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвеницијa.**
- **При изработка на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16), подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро (Сл.в. на СРМ бр.45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), како и заштитните категории и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.**
- Доколку при изработка на урбанистичко планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културно наследство***

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.
- Бидејќи предметот се однесува на подрачје заштитено од UNESCO вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство). Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе

обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

### *Развој на туризмот*

- Во рамките на туристичката регионализација на Република Македонија, Охридско-Преспанскиот регион е дефиниран како еден од 10-те туристички региони, кој е особено значаен поради тоа што има и **меѓународен карактер**.
- **Предметната локација припаѓа на Зона Охрид со 29 туристички локалитети. Локалитетот Коњско припаѓа на туристичките простори со меѓународно значење. Комплексната туристичка понуда на овој локалитет дава можности за развој на повеќе видови туризам како што се езерски, риболовен и др.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

### *Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи*

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## -разработка-
# ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН 2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

*Синтезни карти*

## *Користење на земјиштето*

*Карта: A2110819*

**Легенда:**

- граница на опфат
- река
- природно езеро и акумулација

**Заштитни зони**

- 300 метри
- 500 метри
- 1000 метри
- шума и шумско земјиште
- ливада
- пасиште
- земјоделско земјиште
- овоштарник
- лозје
- непродуктивно земјиште
- национален парк
- Преспа парк
- подрачје на UNESCO
- туристички локалитет
- туристички простор од меѓународно значење
- зона за експлоатација на минарали
- наводнувана површина
- наводнувана површина по 2020 г.
- транзитен коридор
- аеродром
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**-разработка-**
## ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН
## 2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

## *Систем на населби и сообраќајна мрежа*

*Карта: A2110820*

**Легенда:**

- центар на мезорегион со специфични функции
- центар на микрорегион
- центар на просторно-функционална единица
- рурален општински центар
- граница на опфат
- општинска граница
- меѓусебни врски во системот на центри
- 2 просторно функционални единици

**Оски на развој**
- јужна
- северна

**Култура**
- библиотека
- дом на култура
- музеј
- други културни манифестации

**Здравство**
- примарна здравствена заштита
- H секундарна здравствена заштита

**Образование**
- основно
- средно
- високо

**Социјална заштита**
- дом
- детска градинка

**Физичка култура**
- објект на физичко воспитување во воспитно образовна институција
- објект за спорт и рекреација



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**-разработка-**

## ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН 2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

*Синтезни карти*

## *Водостопанска и енергетска инфраструктура*

*Карта: А2110821*

**Легенда:**

- граница на опфат
- општинска граница
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница
- природно езеро
- река
- старо корито-р.Сатеска
- водостопанско подрачје
- извориште
- водоводен систем
- канализационен систем
- пречистителна станица
- одводнувана површина
- наводнувана површина
- наводнувана површина по 2020
- брана
- акумулација
- акумулација по 2020
- хидроелектрана
- мала хидроелектрана
- рудник
- трафостаница 400 kV
- трафостаница 110 kV
- трафостаница 35 kV
- далновод 400 kV
- далновод 110 kV
- далновод 35 kV
- гасоводен систем
- нафтовод АМБО



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## -разработка-
# ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН 2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

*Синтезни карти*

## *Реонизација и категоризација на просторот за заштита*

*Карта: A2110822*

**Легенда:**

- граница на опфат
- општинска граница
- река
- природно езеро и акумулација
- рекултивација на деградиран простор
- интегрирано спречување и контрола на загадување
- регион за управување со животната средина
- заштита на простор со природни вредности
- заштита на земјоделско земјиште
- природен коридор
- заштитна крајбрежна зона
- Преспа парк
- заштитни зони на извори за водоснабдување

**Културно наследство**

- целина
- Унеско
- поединечен споменик
- заштитена археологија
- простор со режим на заштита



# 1.ПЛАНСКА ПРОГРАМА

## 1.ВОВЕД

Согласно, членот 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15 193/15 ,31/16 и 163/16), се пристапи кон изработка на Планска програма на ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување). Со оваа Планска програма се утврдуваат границите и содржината на планскиот опфат, согласно условите прецизирани со Закон кои се однесуваат за предметниот плански опфат за кој е пројавен интерес за изработка на ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување), а Општината утврдила дека ќе придонесе за реализација на инвестициски проекти од значење на истата.

Оваа програма треба да произлегува од програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016 година донесена со одлука бр. 09 - 17635/5 од 25.12.2015 год. (објавена во Службен гласник на општина Охрид бр. 14 од 28.12.2015 год. т.е. од донесувачот на планската документација – општината Охрид). Со тоа треба да се овозможи стимулација на вкупниот развиток и привлекување на можни инвеститори на различни објекти усогласена со Програмата на потенцијалниот инвеститор на градбите, кој има јасна визија на идната концепција на планското решение за планскиот опфат, неговата функционалност, диспозиција и капацитет на планираните објекти на предметната локација, нивната економоска оправданост, покриеност со соодветна техничка документација и отпочнување на реализација на планот.
Сето ова усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од важечките плански документи кои го третираат планскиот опфат, овозможуваат дефинирање на општите поставки и цели на планската програма.
ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување), треба да се изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15 193/15 ,31/16 и 163/16), Правилникот за стандард и номативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 142/15, 217/15 , 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16), Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село , урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура("Сл.весник на РМ", бр. 142/15), ). Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот ("Службен весник на РМ" бр. 110/09, 163/09 и 26/10), како и другата законска регулатива која што се однесува на планирањето и намената на

просторот. како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.
При изработка на ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување)треба да бидат почитувани сите податоци и информации добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

## 2.ЦЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Планската програма како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организиран простор со различни намени, одредување на намена за поедини градежни парцели со алтернативни намени како компатибилни на основната намена која е дефинирана со плански документи, планирање на површини за градба на објекти со придружни и пратечки содржини, дефинирање на оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции, и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничување на создадениот материјален фонд преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини.
Во изработката на ЛУПД за оформување на градежна парцела за изградба на објекти со намена А4 – времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско општина ОХРИД, треба да бидат респектирани Условите за планирање, но и да се имаат во предвид општите цели на планирањето кои се однесуваат на поширокото опкружување како:

- долгорочна реализација на просторниот концепт на зоната согласно на насоките на плановите од повисоко ниво.
- урбанистичкиот план да биде усогласен со реалната состојба на просторот со максимално почитување на постојните организациони цели
- во границите на опфатот да се определат површини за поединечни содржини во согласност со концептот за развој на комплексот.
- со планската концепција да се даде најрационална организација на планскиот опфат за изградба на објекти со намена А4 – времено сместување.

Со примената на следните начела во изработката на ЛУПД за оформување на градежна парцела за изградба на објекти со намена А4 – времено сместување во КО Коњско, Општина Охрид, треба да се утврдат параметрите кои се потребни за изработка на Архитектонско - урбанистичките проекти, односно да преку нив се утврдат општите и посебните Услови за градење :

- рационално користење на земјиштето
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот
- оформување на препознатлива амбиентална целина
- почитување и надградување на пејсажните вредности
- оформување на холтикултурен пејсаж

- вградување на пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето
- подигнување на хуманоста во планирање на просторот како и водење сметка за непречено движење на хендикепираните лица
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина
- вградување мерки за заштита и спасување
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
- почитување на законските прописи за дадената намена

Третираниот плански опфат е неизграден и потребно е планирање на градежната парцела,утврдување на параметрите за големината на објектите, врз основа на нормативи за планирање на објекти и намената е дефинирана според Условите за планирање на просторот од Агенцијата за планирање на просторот, а кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, односно Решението за Услови за планирање на просторот од Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање .

## 3. СОДРЖИНА

Согласно член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15 193/15 ,31/16 и 163/16) се води постапка за донесување на ЛУПД, додека содржината на ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) е согласно членот 10 и 11 од Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село , урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура("Сл.весник на РМ", бр. 142/15) како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) се донесува за плански опфат, кој содржи:

- **Текстуален дел** со: Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите, посебни услови за изградба, податоци за сообраќајните, комуналните и телекомуникациските инфраструктури, други параметри за спроведување на планската документација, стратешка процена на влијанието врз животната средина, мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина,

мерки за заштита од разурнување и друго.

- **Графички приказ** на планските решенија за опфатот со: граница на планскиот опфат, регулациони линии, парцелација на градежното земјиште, површина за градење на градби определени со градежни линии, максимална висина на гардбата изразена во метри до венец, намена на земјиштето и градбите, планско решение на секундарна сообраќајна мрежа со нивелманско решение и плански решенија на сите секундарни комунални и телекомуникациски инфраструктури.

- **Нумерички дел** со билансни показатели за планираните површини и градби според намената и за инфраструктура и друго сумирани во текстуалниот и графичкиот дел на планскиот документ.
- Билансните показатели содржат: податоци за површините, показатели за инфаструкурата и параметри за уредување на просторот на планскиот опфат, согласно со стандардите и нормативите за уредување на просторот.
- Доколку во планскиот опфат постојат споменици, споменички целини или др. заштитени добра со статус на културно наследство, ЛУПД треба да содржи детални параметри за заштита на недвижното културно наследство.
- ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) како плански документ од пониско ниво, мора во целост да биде усогласен со Условите за планирање на просторот од Агенцијата за планирање на просторот, а кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, тех.бр. Y06516 од април 2016 односно Решението за Услови за планирање на просторот од Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 15–3569/2. од 24.06.2016 год.

Содржината на текстуалниот, графичкиот и нумеричкиот дел од ЛУПД е регулирана со член 2,3,4, 5 и 10 од Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село , урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура(“Сл.весник на РМ“, бр. 142/15).

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на ЛУПД се Условите за планирање на просторот издадени со тех.бр. Y06516 од април 2016 од Агенцијата за планирање на просторот, а кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, односно Решението за Услови за планирање на просторот од Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 15–3569/2. од 24.06.2016 год.и

ажурираната геодетска подлога.

ЛУПД треба да се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за Просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15 193/15 ,31/16 и 163/16) и подзаконските акти кои произлегуваат од него и други Закони и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.
За Урбанистичката планска документација согласно со Законот се врши Стручна Ревизија, чии забелешки се вградуваат во овој документ. Општината е должна да спроведи јавна презентација и јавна анкета на начин и постапка согласно со членот 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15 193/15 ,31/16 и 163/16).

## 5.ПРИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ГРАНИЦИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предмет на изработка е ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување).
Подрачјето на планскиот опфат за градежна парцела 1 на КП 2440/3 КО Коњско, за градба со намена А4 – времено сместување општина Охрид се наоѓа на десната страна на регионалниот пат Р-1301 (Охрид - Свети Наум - граница со Република Албанија) на подножјето на планината Галичица.
Површината на планскиот опфат зафаќа површина од **3759.72м2**, односно **0.376 ха.**

Географската положба и атрактивноста на локацијата и добрата сообраќајна поврзаност даваат можност на овој простор се изгради градба со намена А4 – времено сместување кој ќе придонесе за развојот на туризмот во Охридскиот регион.

Плански опфат е расположен на терен со пад од исток кон запад т.е и со благ пад од север кон југ, од кота 700.58мнв. на исток и на запад до кота 698.95 мнв или 701.21 мнв на исток до 697.65 мнв на запад т.е.698.70 мнв. и 696.38 мнв на запад , а во правец север - југ од најсеверната точка од кота 700.58мнв до најужната кота 698.70мнв.

Во границите на градежната парцела 1 влегува само КП 2440/3 за која се изработува оваа ЛУПД.

На источната страна градежната парцела бр. 1 се граничи со КП 2440/4, КП 2440/1 и КП 2440/2 и во непосредна близина со Регионалниот пат Р - 1301 Охрид - Св. Наум - Р Албанија , западната граница на оваа градежна парцела е КП 3289/2 и постојната асвалтирана улица поставена на КП 3289/1. На југ градежната парцела се граничи со соседната катастарска парцела КП 2441/4.

## 6.НАМЕНА

После извршеното теренско разгледување на предметниот плански опфат може да се констатира дека просторот е неизграден а погоден за градба каде самата парцела дава можност за просторен развој и унапредување во рамките на законската регулатива. На тој начин ќе се овозможи порационално искористување на просторот односно рационално распоредување на основната со компатибилните намени во планскиот опфат ,и воедно водење посебно внимание на заштита на животната средина.
Основната намена за изработката на ЛУПД е домување А4 (времено сместување) согласно чл. 28 од Правилникот за стандарди и ноtermативи за урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр. 142/15, 217/15 , 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16):

- Група на класа на намена – А (домување)
    - Основна класа на намена – А4 (времено сместување)

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основната, во рамки на дозволениот процент од Правилникот за стандарди и номативиза урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр. 142/15, 217/15 , 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

## 7.ИНФРАСТРУКТУРА

Покрај основната намена на градбите во изработката на ЛУПД потребно е да се планира и квалитетна сообраќајна и комунална инфраструктура и супраструктура во рамки на градежната парцела.
Колскиот пристап во градежната парцела е од постојна асвалтирана улица која се надоврзува на север на Регионалниот пат Р – 1301( Охрид - Свети Наум – Република Албанија).
Водовите за снабдување со електрична енергија, вода, телефон има постојни и ако е потребно ќе се планираат со поголем капацитет и тие да се предвидат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори.

## 8.ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЖИВОТОТ И ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија. ќе се овозможи валоризација и афирмација на просторот и задоволување на потребите на жителите кои се опфатени со оваа урбана заедница.

## 9. ВАЖНОСТА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА АСПЕКТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОГЛЕД НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени, заштита врз животната средина и врз

животот и здравјето на луѓето во поглед на промовирање на одржлив развој согласно член 65 од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14), Закон за водите (“Службен весник на РМ” бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14 и 146/15), Закон за заштита од бучава во животната средина (“Службен весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13), Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (“Службен весник на РМ” бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 163/13 и 100/12), Закон за заштита на природата (“Службен весник. на РМ“ бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 163/13) и Законот за управување со отпад (“Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11 и 123/12). Неопходно е согледување на реалните капацитети на постојната инфраструктура за обезбедување на потребите на градбите во рамки на планскиот опфат.
Изградбата на објекти за домување ќе предизвика позитивни ефекти базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

## 10. ГРАНИЦИ

Планскиот опфат на ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување). се наоѓа на десната страна на регионалниот пат Р-1301 (Охрид - Свети Наум - граница со Република Албанија) на подножјето на планината Галичица.
Границата на планскиот опфат се движи на исток по западната страна од КП 2440/4, КП 2440/1 и КП 2440/2 (во непосредна близина со Регионалниот пат Р - 1301 Охрид - Св. Наум - Р Албанија) на југ градежната парцела се граничи со соседната катастарска парцела КП 2441/4, западната граница на оваа градежна парцела е КП 3289/2 и постојната асвалтирана улица поставена на КП 3289/1.

## 11.ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на оваа Урбанистичко Планска Документација не се потребни средства од буџетот на Општина Охрид, како доносител на ова документација. Инвеститорот на Урбанистичко Планска Документација во целост ги сноси трошоците за изработка, ревизија и донесување на документацијата.
Инвеститори на овој ЛУПД се приватни лица .

## 12. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Податоците и информациите потребни за изработка на урбанистичко планска документација со кој располагаат надлежните органи, по барање на изработувачот седоставуваат до изработувачот во определениот рок согласно членот 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр. 199/14, 44/15 193/15 ,31/16 и 163/16) .

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

**Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,376 ha, и се наоѓа на земјоделско земјиште: пасишта (III класа).

Предметната локација се наоѓа во границите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, како и во границите на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, запишано во Списокот на светското природно и културно наследство на Конвенцијата на УНЕСКО.

**Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со "Просторниот план на Република Македонија" и со определбите кои се разработени во "Просторниот План на Охридско-Преспанскиот регион".**

При изработка на Локалната урбанистичка планска документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија:

### *Економски основи на просторниот развој*

- Организацијата, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско-Преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси.
- **Реализацијата на ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско во општина Охрид на површина од 0,376 ha, ќе биде во функција на развој на туризмот во локалната економија и согласно "Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион", треба да се почитуваат предложените плански определби за заштита на животната средина и одржлив развој почитувајќи ја соодветната законска регулатива.**

### *Заштита на земјоделско земјиште*

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Големоезерскиот реон поделен на 3 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште пасиште – III класа.**

### *Водостопанство и водостопанска инфраструктура*

- Градот Охрид и околните села се водоснабдуваат од Охридскиот водоснабдителен систем. За квалитетно и континуирано водоснабдување на објектите за времено сместување потребно е нивно приклучување на овој водоснабдителен систем. Доколку нема можност за приклучување и за водоснабдување се користи независен извор на вода потребно е: дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните и примена на современи технологии во управувањето на водоснабдителниот систем.
- За заштита на Охридското Езеро од комунални отпадни води во функција е колекторскиот систем. Отпадните води од објектите треба да се приклучат на колекторот за заштита на Охридското Езеро. Доколку не постојат услови за приклучување на колекторскиот систем отпадните води мора да бидат подложени на третман на пречистување во локална пречистителна станица пред да се испуштат во реципиентот.

### *Енергетика и енергетска инфраструктура*

- Локацијата за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, нема конфликтни точки со постојните и планирани енергетски инфраструктурни водови.
- Локацијата за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, нема конфликтни точки со постојните и планирани комуникациски инфраструктурни водови.

### *Урбанизација и систем на населби*

- Изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

### *Домување*

- Инцијативата за изработка на **Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид**, ќе даде придонос кон трансформација на традиционалниот тип на домување преку проширување на неговата основна функција односно внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот односно градење на станови кои се користат повремено во текот на годината.

### *Јавни функции*

- На предложениот простор наменет за **изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид** нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

***Трговија и занаетчиство***

- Концепцијата за развој и разместеност на трговската и занаетчиска дејност предвидува лоцирање на трговски и услужни центри и помали објекти во урбаните средини, на главните влезни и излезни правци од градот Охрид, по должината на главните градски трговски улици, во близина на атрактивните туристичко - рекреативни локалитети придружени со комплементарни содржини и особено промовирањето на традиционалните занаети карактеристични за руралните средини.
- Реализацијата на предложениот ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување на површина од 0,376 ha во КО Коњско, општина Охрид, ќе биде во функција на поттикнување и на развојот на трговијата и занаетчиството кои се комплементарни дејности на намената на планираните за изградба објекти. При тоа треба да се почитуваат определбите од “Просторниот план на Република Македонија” и “Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион” за заштита на животната средина и одржлив развој.
- При изборот на конкретни локации за организација на терцијарните дејности-трговија и занаетчиство, основен принцип е доближување на продажниот простор и други услуги до корисниците на услугите, концентрација и специјализација на објектите (трговски и услужни), проширување на асортиманот на стоките и услугите и современа технологија во организација на пласманот и продажбата.

***Сообраќајна инфраструктура***

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ.

  **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија.
- Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. весник на РМ, број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

  **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Закон за јавни патишта (Службен весник на Република Македонија, број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15).**

***Комуникациска мрежа***

- Локацијата за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, нема конфликтни точки со постојните и планирани комуникациски инфраструктурни водови.

***Заштита на животна средина***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Отпадните води треба да бидат приклучени на колекторот за заштита на Охридското Езеро, но доколку не постојат услови за приклучување на колекторскиот систем да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација.
- Уредување на комплексот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
- Да се преземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата на значајни видови и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.
- При изработка на Локалната урбанистичка планска документација да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

***Заштита на природно наследство***

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се изработува Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, се наоѓа во непосредна близина на заштитени: Споменик на природата Охридско Езеро и Национален Парк Галичица.**
- **Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл.в. на РМ, бр.75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвеницијa.**
- **При изработка на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16), подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро (Сл.в. на СРМ бр.45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), како и заштитните категории и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.**
- Доколку при изработка на урбанистичко планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културно наследство***

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.
- Бидејќи предметот се однесува на подрачје заштитено од UNESCO вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство). Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе

обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

### *Развој на туризмот*

- Во рамките на туристичката регионализација на Република Македонија, Охридско-Преспанскиот регион е дефиниран како еден од 10-те туристички региони, кој е особено значаен поради тоа што има и **меѓународен карактер**.
- **Предметната локација припаѓа на Зона Охрид со 29 туристички локалитети. Локалитетот Коњско припаѓа на туристичките простори со меѓународно значење. Комплексната туристичка понуда на овој локалитет дава можности за развој на повеќе видови туризам како што се езерски, риболовен и др.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

### *Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи*

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**-разработка-**

## ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН 2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

*Синтезни карти*

## *Користење на земјиштето*

*Карта: А2110819*

**Легенда:**

- граница на опфат
- река
- природно езеро и акумулација

**Заштитни зони**

- 300 метри
- 500 метри
- 1000 метри

- шума и шумско земјиште
- ливада
- пасиште
- земјоделско земјиште
- овоштарник
- лозје
- непродуктивно земјиште

- национален парк
- Преспа парк
- подрачје на UNESCO
- туристички локалитет
- туристички простор од меѓународно значење
- зона за експлоатација на минарали
- наводнувана површина
- наводнувана површина по 2020 г.

- транзитен коридор
- аеродром
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## -разработка-
## ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН 2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

*Синтезни карти*

## *Систем на населби и сообраќајна мрежа*

*Карта: A2110820*

**Легенда:**

- центар на мезорегион со специфични функции
- центар на микрорегион
- центар на просторно-функционална единица
- рурален општински центар
- граница на опфат
- општинска граница
- меѓусебни врски во системот на центри
- 2 просторно функционални единици

**Оски на развој**

- јужна
- северна

**Култура**

- библиотека
- дом на култура
- музеј
- други културни манифестации

**Здравство**

- примарна здравствена заштита
- H секундарна здравствена заштита

**Образование**

- основно
- средно
- високо

**Социјална заштита**

- дом
- детска градинка

**Физичка култура**

- објект на физичко воспитување во воспитно образовна институција
- објект за спорт и рекреација



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**-разработка-**

# ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН 2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

## *Водостопанска и енергетска инфраструктура*

*Карта: A2110821*

**Легенда:**

- граница на опфат
- општинска граница
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница
- природно езеро
- река
- старо корито-р.Сатеска
- водостопанско подрачје
- извориште
- водоводен систем
- канализационен систем
- пречистителна станица
- одводнувана површина
- наводнувана површина
- наводнувана површина по 2020
- брана
- акумулација
- акумулација по 2020
- хидроелектрана
- мала хидроелектрана
- рудник
- трафостаница 400 kV
- трафостаница 110 kV
- трафостаница 35 kV
- далновод 400 kV
- далновод 110 kV
- далновод 35 kV
- гасоводен систем
- нафтовод АМБО



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## -разработка-
# ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН 2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

*Синтезни карти*

## *Реонизација и категоризација на просторот за заштита*

*Карта: A2110822*

**Легенда:**

- граница на опфат
- општинска граница
- река
- природно езеро и акумулација
- рекултивација на деградиран простор
- интегрирано спречување и контрола на загадување
- регион за управување со животната средина
- заштита на простор со природни вредности
- заштита на земјоделско земјиште
- природен коридор
- заштитна крајбрежна зона
- Преспа парк
- заштитни зони на извори за водоснабдување

**Културно наследство**

- целина
- Унеско
- поединечен споменик
- заштитена археологија
- простор со режим на заштита









**ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА КП 2440/3 КО КОЊСКО**
**(изградба на објекти со намена А4-времено сместување)**

**ПЛАНСКИ ОПФАТ 0.376 ХА**

**-ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ**

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА КП 2440/3 КО КОЊСКО (изградба на објекти со намена А4-времено сместување)

# ОПШТИНА О Х Р И Д

**ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ П=0.376ха или 3759.72М2**

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

М = 1:1000

| Снегар Компани ДООЕЛ<br>ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА | | управител:<br>диа Вера Снегар | |
|---|---|---|---|
| | | размер: 1:1000 | |
| предмет: ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА КП 2440/3 КО КОЊСКО ( изградба на објекти со намена А4-времено сместување) ОПШТИНА О Х Р И Д | | нарачател: | |
| цртеж содржина:<br>АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА | | фаза: | дата:<br>11. 2016 |
| планери:<br>диа Вера Снегар<br>овластување бр. 0.087 | соработник:<br>диа Игор Снегар<br>овластување бр. 0.0492 | тех. бр.<br>06/16 | лист бр.<br>05 |

**ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА ДЕЛ ОД КП 2440/3, КО КОЊСКО (ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ), ОПшТИНА ОХРИД**

## II. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

### 1.Вовед

Предмет на изработка е Документационата основа на Локална урбанистичко - планска документација за градежна парцела бр. 1 на дел од КП 2440/3, КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 - времено сместување), опШтина Охрид.
Основа за изработка на оваа ЛУПД се издадените Услови за планирање на просторот со тех.бр. **Y06516** од април 2016 год. изработени од Агенцијата за планирање на просторот, а кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, односно РеШението за Услови за планирање на просторот од Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање бр. 15-3569/2 од 24.06.2016 година и Извод од УПВНМ за Туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол опфат 3, опШтина Охрид (бр. 19-7435/1 од 20.07.2021 год.), донесен со Одлука бр. 08-3526/54 од 13.03.2015 год. како соседен опфат на предметната ЛУПД.
При изготвување на ЛУПД се применети актуелните законски и подзаконски акти и тоа:
Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на графичка о бработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (“Службен весник на РМ“ бр. 142/15), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање (“Службен весник на РМ“, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Законот за урбано зеленило (“Службен весник на РМ“ бр. 11/18), почитувани се условите пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/20), согласно Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10).
ЛУПД е дел од Измена и дополнување на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на опШтина Охрид за 2017 под бр. 08 - 5611/11 од 27.04.2017 година.

Постапката на донесување на ЛУПД ќе се води согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и подзаконските акти, а согласно член 95 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ“ бр. 32/20).
Локалната урбанистичко - планска документација - ЛУПД, за градежна парцела треба да овозможи рационално искористување на планираната

површина за градба во рамките на градежната парцела, со намена времено сместување, како и да се искористат постојните сообраќајници, со максимално почитување на постојната состојба, а се со цел максимално искористување на просторот.

**2.Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје**

Градежната парцела бр. 1 за која треба да се изработи Локална урбанистичко - планска документација за градежна парцела бр. 1 на дел од КП 2440/3, КО Коњско - опШтина Охрид (изградба на објекти со намена А4 - времено сместување), ОпШтина Охрид се наоЃа во Туристичкиот комплекс "Свети Стефан", на десната страна, односно западно од ул. Охрид-Св.Наум АII - 512 - магистрална улица согласно Извод од соседен УПВНМ Туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол опфат 3, опШтина Охрид, како дел од регионалниот пат Р-501 (Охрид - Свети Наум - граница со Република Албанија), преименуван со Одлука за категоризација на државните патиШта ("Службен весник на РМ" 133/11, 150/11, 20/12) во Р1301 Охрид (врска со А3) - Свети Наум - гр. со Р. Албанија.

Планскиот опфат зафаЌа поврШина од 3563.66 м2, односно 0.356 ха.

Границата на планскиот опфат се движи на исток по западната страна од КП 2440/4, КП 2440/1 и КП 2440/2 (во непосредна близина со Регионалниот пат Р - 1301 Охрид - Св. Наум - Р Албанија) на југ градежната парцела се граничи со соседната КП 2441/4, западната граница на оваа градежна парцела е КП 3289/2 и постојната асфалтирана улица поставена на КП 3289/1.
Подетално границата на градежната парцела бр. 1 со координати на прекршните точки од најсеверната 1 во правец на стрелката на часовникот, кон југо – исток, југо - запад, запад и север до точката 1, односно геореференцирана граница по X, Y и Z е следната:

1. 483 786.27, 548 325.39 0.00
2. 483 801.31, 548 265.47
3. 483 794.37, 548 227.55
4. 483 791.84, 548 202.47
5. 483 791.77, 548 200.54
6. 483 782.68, 548 198.76
7. 483 774.59, 548 202.59
8. 483 761.77, 548 197.35
9. 483 756.89, 548 207.24
10. 483 755.92, 548 215.35
11. 483 754.05, 548 222.74
12. 483 754.40, 548 228.66
13. 483 755.70, 548 239.94
14. 483 757.27, 548 248.73
15. 483 760.57, 548 258.48

16. 483 765.84, 548 273.20
17. 483 770.12, 548 285.57
18. 483 775.64, 548 303.26
19. 483 780.19, 548 316.81

Планскиот опфат е расположен на терен со пад од исток кон запад, односно благ пад од север кон југ, од кота 700.58 мнв. на исток и на запад до кота 698.95 мнв или 701.21 мнв на исток до 697.65 мнв на запад т.е.698.70 мнв. и 696.38 мнв на запад, а во правец север - југ од најсеверната точка од кота 700.58 мнв до најужната кота 698.70мнв.

Сообраќајното поврзување на планскиот опфат е од постојната асфалтирана улица која на дел е западна граница на комплексот со намена А4 - времено сместување и се надоврзува на постојните улици во Туристичкиот комплекс “Свети Стефан“, на десната страна.
Географската положба и атрактивноста на локацијата и добрата сообраќајна поврзаност даваат можност да на овој простор се изградат објекти со класа на намена А4 - времено сместување, односно вид на градби викенд куЌи, кој Ќе придонесе за развојот на стопанството, односно туризмот во Охридскиот регион.

### 3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

Овој плански опфат претходно е третиран со следните урбанистички планови:
**Просторен план на Република Македонија -**
донесен на 11.06.2004 година, како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

**Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион** кој штопретставува разработка на Просторниот план на Република Македонија годонесе Собранието на Република Македонија на 11.02.2010 година. Во таасмисла, а поради потребата од усогласување на планските решенија, временскиот хоризонт на овој регионален просторен план е детерминиран до 2020 година.
Согласно Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион "Организацијата, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско-Преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси. Врз овие основи, поттикнување на економскиот и севкупен развој на Регионот, може да се оствари со селективна алокација на инвестициите, подобра сообраќајна поврзаност, со комунално опремување и изградба на објекти на општествен стандард, со даночната и кредитна политика, со политика на зголемување на

инвестициите итн. Примат во планираниот развој на вкупната економија на Регионот треба да добие и разместеноста на економските дејности во насока на порамномерен развој и алокација на стопанските активности со цел поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја и пограничните населени простори.
Реализацијата на ЛУПД за градежна парцела бр. 1 на дел од КП 2440/3 КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 - времено сместување) опШтина Охрид, Ќе биде во функција на развој на туризмот во локалната економија и согласно "Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион", треба да се почитуваат предложените плански определби за заШтита на животната средина и одржлив развој почитувајки ја соодветната законска регулатива.

**Детален урбанистики план - план за реализација** од 1984 година. Со овој план опфатен е просторот со следните граници: од север линија на хотел Славија управно на новата сообраЌајница Охрид - Свети Наум, од исток новата сообраЌајница Охрид - Свети Наум, од југ ридот јужно од хотелот Метропол и од запад езерото. Просторот е наменет за постојано домување (населбите Долно Коњско, над црквата Свети Стефан), за времено домување (вили и викенд куЌи), хотелски капацитети и здравни објекти. Овој ДУП со следните планови е наполно девалвиран и како таков не може да биде во употреба.

**Основниот урбанистички план на крајбрежен простор на ОпШтина Охрид** е усвоен на 28.11.1989 година. Просторот кој е опфатен со планската документација припаЃа на туристичко - рекреативната зона на Националниот парк "Галичица". Согласно Законот за национални паркови ("Службен весник на РМ" бр. 33/60) во рамките на националните паркови туристичко - рекреативните зони се определени простори кои се користат за одмор и рекреација и за потребите за туризмот.

**Генерален урбанистички план за дел од крајбрежен простор туристички локалитет Горица - Свети Стефан - Метропол** 2000 - 2010 година. Со овој план локалитетот "Свети Стефан" е предвиден за изградба на хотелско - туристичко рекреативен комплекс.
Но, со измените во Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 163/13) урбанистички планови, документации и опШти акти кои не се усогласиле во утврдените рокови согласно членот 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/2005) и членот 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 137/07) не се применуваат, а просторот опфатен со истите се смета за простор вон плански опфат.
Заради наведеното, основа за изработка на оваа ЛУПД се издадените **Услови за планирање на просторот со тех. бр. S06516** од април 2016 изработени од Агенцијата за планирање на просторот, а кои произлегуваат од Просторниот план на РМ согласно РеШението за Услови за планирање на просторот од Република Македонија,

Министерство за животна средина и просторно планирање за бр. 15-3569/2 од 24.06.2016 година.

**Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029)**

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.1.2020 година го донесе, Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план.

Охридскиот Регион е впишан на Листата на светско наследство заради своите природни вредности во 1979 година, а во 1980 година е извршено проширување на номинацијата со дополнување на критериумите за културни вредности и доброто е впишано под името „Охридски Регион со неговите културни и историски аспекти и неговата природна средина.“

Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион ќе обезбеди висок степен на заштита на исклучителната универзална вредност на регионот. Тој претставува основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што се обезбедува рамнотежа меѓу заштитата на доброто и неговото искористување.

Заради подобро управување и одржување на *исклучителната универзална вредност*, односно контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија на природното наследство, како и зачувување на квалитетот и вредноста на културното наследство, неговата матерјална содржина и неговиот интегритет, во Планот воспоставени се заштитни зони и соодветни подзони со посебни мерки за заштита.

Согласно поделбата на зони од аспект на природното наследство предметниот простор влегува во III заштитна зона и со мал дел во I заштитна зона (подзона Iб), а согласно мерките за заштита на културното наследство на Охридскиот регион во рамки на зоната III – д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата).

## 4. Податоци за природните чинители

Планскиот опфат е расположен во подножјето на планината Галичица со релативно помал пад од север кон југ и поголем пад од исток кон запад.

Тој е изграден од езерски и барски седименти и холоценски наслаги претставени од пролувиум и алувиум. Тоа овозможува да почвата во Планскиот опфат е погодна за градба со поволна носивост за објектите.

Од сеизмички аспект, територијата на Охридско - Преспанскиот регион се наоѓа во зона на активното дејство на земјотреси со максимален сеизмички интензитет во зоната од VIII°МКС.

Охридско - Преспанскиот регион се карактеризира со прилично хетерогена орографија која од своја страна условува модифицирање на климатските опШти карактеристики, додека огромните водни природни акумулации, Охридското и Преспанското Езеро, се посебни климатски

модификатори кои одредуваат посебен режим на некои метеоролошки елементи.
Езерото има посебно влијание на воздушните струења, односно тоа е причина за создавање на ветрови од локален карактер кои ги менуваат правците во текот на едно деноноќие.

Врз основа на досегашните проучувања, најголемо значење за билансот на водата на Охридското Езеро имаат површинските и сублакустриските извори.

**5. Податоци за создадени вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на животот на човекот и начинот на употреба на земјиштето во рамките на планскиот опфат**

**5.1. Намена на просторот - содржини**

При инвентаризација на објектите и евидентирањето на состојбата на терен констатирано е дека во планскиот опфат на градежната парцела 1 нема изградени објекти, односно катастарската парцела претставува неизградено земјиште.

**6.Инвентаризација на земјиштето, зеленилото, изградениот градежен фонд и вкупна физичка супраструктура во планскиот опфат**

Во рамки на планскиот опфат земјиште е неизградено, односно нема никакви постојни содржини.

Согласно Известувањето од Министерство за животна средина - Сектор води под број 11-2344/2 од 30.05.2017 година потребно е да бидат исполнети следните услови:

1. Заради заштита на коритата и бреговите на езерата се забранува изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 м зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општината, на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

2. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопанските објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите или постројките.

3. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:

- да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влоШување на постојниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите.
- да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за Животна средина - сектор за води.
- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски отпад, земја, Шут, јаловина и др.).
- да се сечат дрва и друга вегетација од коритата бреговите на водотеците, без одобрение.
- изградба на постројки или објекти или било кои работи и активности Што опфаЌаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад.
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатреШната страна и 10 м од надвореШната страна на ножицата на насипот.
- за постоечките канали потребен е слободен пристап по 5 м лево и 5 м десно од надвореШната страна на ножицата на насипот.

4. Изведувањето на активностите треба да се врШи во согласност со прифатените современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

5. Потребно е да се предвиди механички и биолоШки третман на отпадни води од населени и индустриски места. Квалитетот на испуШтената вода во водотекот треба да биде во согласност со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акомулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите ("Службен весник на РМ" бр. 18/99);

Министерството за животна средина и просторно планирање издава Водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоЃаат во или покрај површинските води, објекти кои Што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежни земјиШта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

## 7.Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно - историско значење и културни предели

Според добиените податоците и информациите од "Националната установа Завод за заШтита на спомениците на културата и Музеј "- Охрид број 13-1481/2 од 27.07.2016 година за заШтита на недвижното културно наследство, просторот за кој треба да се работи ЛУПД се наоЃа надвор од контактната зона од ЗаШтитената споменичка целина и на наведниот простор не е евидентирано присуство на археолоШки локалитет. Од тие причини не треба да се изработат ЗаШтитно конзерваторски основи.
Но, сепак доколку при уредувањето на просторот се наиде на археолоШки артефакти, односно до откривање на материјални остатоци

со културно-историска вредност, потребно е да се постапи согласно со член 65 од Законот за заШтита на културното наследство (“Службен весник на РМ“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16 ), односно веднаШ да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заШтита на културното наследство.

Во податоците и информациите добиени од МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - Управа за заШтита на културното наследство број 17-2260/2 од 18.07.2016 година за заШтита на недвижното културно наследство добиена е истата информација дека на “подрачјето на планираната траса нема заШтитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство“.

Во предметниот плански опфат не постојат поединечно заШтитени споменички добра ниту пак евидентирани споменички добра и археолоШки локалитети кои би можеле да бидат наруШени со урбанизацијата на предметниот простор.

Имајки предвид дека предметната локација за која се изработува ЛУПД се наоЃа во близина на регистрирано природно, но и културно наследство, односно станува збор за регион кој е впиШан во Листата на УНЕСКО, укажуваат на неопходната потреба од целосно почитување и примена, како на домаШната законска регулатива, која се однесува на заШтита на природното и културно наследство, така и на примена на меЃународните прописи и Конвенции чиј потписник е Република Македонија.

Самиот факт Што избраната локација се наоЃа во рамките на заШтитеното подрачје впиШано во листата на УНЕСКО, изградбата на нови објекти може да доведе до наруШување на пределот и визуелниот амбиент кој го карактеризира овој регион.

Од тие причини, согласно параграф 172 од Оперативниот водич (whc. 13/01 Јули 2013) за инплементација на Конвенцијата за заШтита на светското културно наследство, потребно е *“државите - членки на Конвенцијата да го информираат Комитетот за светско наследство за нивната намера за превземање на поголеми реконструкции или нови градежни зафати во подрачјето заШтитено според Конвенцијата“.* Во насока на почитување на горенаведената одредба, укажуваме на постапката која треба да биде испочитувана кога станува збор за наследство впиШано во Листата на светско наследство на УНЕСКО. Имено планската документација, архитектонските идејни и основни проекти како и изготвените Студии за влијанието врз животната средина, преку Националната комисија на УНЕСКО во Република Македонија треба да биде доставена до Центарот за Светско наследство на УНЕСКО (кои потоа се доставуваат до советодавни тела на УНЕСКО – ИКОМОС и ИУЦН на разгледување) пред изготвување на основните документи за конкретните проекти. На овој начин Комитетот ќе може да помогне во изнаоѓање на соодветни решенија за да се обезбеди целосно зачувување на исклучителната универзална вредност на доброто.“

## 8.Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

### 8.1 Сообраќај

Во добиените податоци и информации од Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје број 10-1084/4 од 02.02.2017 година наведено е дека покрај планскиот опфат поминува регионалниот пат Р1301 (претходно означување Р-501) за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.
Во понатамошните активности да се запази ширината на заштитниот појас Р1301 (Р-501) согласно член 40 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на РМ" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, бр. 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16). Бидејки се работи за Локална урбанистичко планска документација влезот во планскиот опфат да биде планиран од локален пат.
За дел од Туристичка населба "Св. Стефан" донесен е Урбанистички план вон населено место (Извод од соседен УПВНМ бр. 19-7435/1 од 20.07.2021 год.) согласно кој дел од постојниот регионалниот пат е сообраќајно решен како магистрална улица Охрид-Св.Наум АII - 512 со профил од 21.6 м односно 15.3 м.
Пристапот во градежната парцела 1 е од постојна асфалтирана улица, дел од сообраќајна мрежа (постојни улици) во туристичкиот комплекс "Свети Стефан", која се надоврзува на исток на ул. Охрид-Св.Наум АII – 512 - магистрална улица (Регионален пат Р 1301).

Тоа значи дека сообраќајно градежната парцела преку останатата сообраќајна мрежа од улици во туристичката населба "Свети Стефан", се поврзува со главните текови на патна мрежа во Република Македонија.

### 8.2 Водоснабдување, фекална, атмосферска канализациона мрежа и одведување на смет

Во Доставата на информации и податоците добиени од ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид - Меѓуопштинско претпријатие за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадните и атмосферски води на општините Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро ( денес преименуван во ЈП Водовод Охрид) број 09-972/1 од 14.07.2016 година известени сме дека низ Урбанистичкиот опфат поминува потисниот цевковод од ПС "Метропол" Ф 711 мм изработен од челични цевки (спирално заварени шавни цевки) со длабочина од околу 1.4м до 1.7м и работен притисок од околу 7 - 8 бари, цевковод Ф 225 мм изработен од ПВЦ со длабочина од околу 1.5 м, а по самата обала поминува колекторот за заштита на Охридското Езеро со Ф 800 мм.
После овие податоци се утврди дека потисниот цевковод од ПС "Метропол" Ф 711 мм поминува западно од опфатот и добиени се нови податоци под број 03-20/2 од 15.07.2016 година.

Во Одговорот на барањето за дислокација на потисниот цевковод од ЈП Проаква бр. 09-845/2 од 17.05.2019 год. адресиран до Славе Маринов, еден од сопствениците на КП 2440/3 КО Коњско, објаснето е дислокацијата на Ф225мм да поминува низ КП 2443 Ко Коњско односно по пристапните улици сопственост на РМ. Заради исклучувањето на постојните објекти од цевководот треба да се изгради нов цевковод Ф90 мм кој ќе ги водоснабдува објектите. Прикажан на графичкиот прилог доставен од ЈП Проаква, кој е и составен дел на податоците и информациите во документационата основа.

Во вториот Одговор на барање, ЈП Проаква бр. 03-1809/2/2 од 03.09.2019 год. адресиран до Славе Маринов, еден од сопствениците на КП 2440/3 КО Коњско се препорачува при изработка на Проектот и проектното решение да се:

- предвиди поставување на бетонски шипови на растојание од 3м од осовината на цевководот Ф711 лево и десно
- во висина од 9-10м од теренот да нема исфлање на еркери
- во заштитната зона од 6м на цевководот Ф711 да не се предвидуваат додатни градби, пристапни рампи односно трасата во секое време да биде слободна
- да не се предвидуваат подземни гаражи или подрумски простории кои би биле потенцијална опасност за самиот објект
- да се внимава при проектирањето каков тип на (темели и фундаменти) ќе се предвидат при проектирањето

Од податоците добиени од ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД од Охрид - бр. 09-717/2 од 08.07.2016 година, во наведениот опфат нема улична фекална канализација, ниту во непосредната околина. По новопредвидените улици потребно е да се предвидат цевководи за канализациона инфраструктура. Приклучување на фекалната канализација да биде во Примарниот колектор од Системот за заШтита на Охридското Езеро кој поминува покрај брегот на езерото.

Од податоците добиени од ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД од Охрид од предметот бр. 09-717/2 од 08.07.2016 година, во наведениот опфат нема улична атмосферска канализација.

Јавното претпријатие колекторски систем Скопје во Известувањето со бр. 03-597/2 од 25.08.2021 год. не известува дека во моментот не поседуваат сопствена мрежа од колекторскиот систем и воедно немаат проектни решенија и информации за планскиот опфат.

ЈП Охридски комуналец Охрид во Известувањето со бр. 03-1705/1 од 22.09.2021 год. наведуваат дека местоположбата на контејнерите за територијата на опШтина Охрид ја утврдува Секторот за урбанизам и заШтита на животната средина при опШтина Охрид. Контејнерите треба да ги обезбеди инвеститорот, како и да обезбеди простор за нивно поставување.

### 8.3 Електрична мрежа

Во Плански опфат од електроенергетските објекти и мрежи према податоците добиени од ЕВН Македонија АД Скопје - КЕЦ Охрид број 22-2237/2 од 08.07.2016 година евидентирано е следното :

- Нисконапонски кабелски вод
- Среднонапонски кабелски вод
- Трансформаторска станица
- Мерен/разводен ормар

### 8.4 Телекомуникациска инфраструктура

Од податоците и иформациите од МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - Скопје (ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ) под број 07-287305/1 од 22.07.2016 година информирани сме дека на предметното подрачје има подземни ТК инсталации.

Исто така посочено е дека проектантот треба да предвиди коридор за кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на новопланираните објекти во опфатот на ЛУПД.

## 9. Инвентаризација на градбите со правен статус стекнат по основ на Законот за постапување со бесправно изградени објекти

На ажурираната геодетска подлога не е евидентиран ни еден објект, односно катастарската парцела претставува неизградено земјиШте кое е прикажано во графичкиот прилог 0.3. Инвентаризација на градбите со правен статус стекнат по основ на Законот за постапување со бесправно изградените објекти. Тоа е потврдено и со добиениот допис од Сектор за урбанизам и управување со градежното земјиШте, Одделението за спроведување на урбанистички планови бр.20-117/11 од 07.11.2017 год.

## 10. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ПРЕВЗЕМЕНИ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДНОСНО ОД УСЛОВИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ИЗДАДЕНИ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

### ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот за изработка Локална урбанистичко - планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, на дел од КП 2440/3, КО Коњско, опШтина Охрид. ПоврШината на планскиот опфат изнесува 0.371 ха и се наоЃа на земјоделско земјиШте: пасиШта (III класа).

Условите за планирање на просторот се за следните области:

***Економски основи на просторниот развој***

- Организацијата, намената и функциите на производните и

услужните дејности во просторот на Охридско - Преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со Што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси;

- Реализацијта на ЛУПД за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Коњско во опШтина Охрид на површина од 0.376 ха, Ќе биде во функција на развој на туризмот во локалната економија и согласно “Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион“ треба да се почитуваат предложените плански определби за заШтита на животната средина и одржлив развој применувајЌи ја соодветната законска регулатива.

***ЗаШтита на земјоделско земјиШте***

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрорегиони. Предметната локација припаЃа на Големоезерскиот реон поделен на три микрорегиони.
- При изработка на планската документација неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користење и уредување на нормите за стандарди за градба. МеЃу приориотетните определби на Просторниот план е заШтитата на земјоделското земјиШте, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиШтето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиШтето. **Предметната локација зафаЌа земјоделско земјиШте пасиШте - III класа.**

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

- Градот Охрид и околните села се водоснабдуваат од Охридскиот водоснабдителен систем. За квалитетно и континуирано водоснабдување на објектите за времено сместување потребно е нивно приклучување на овој водоснабдителен систем. Доколку нема можност за приклучување и за водоснабдување се користи независен извор на вода потребно е: дефинирање на заШтитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заШтита во зоните и примена на современи технологии во управувањето на водоснабдителниот систем.
- За заШтита на Охридското Езеро од комунални отпадни води во функција е колекторски систем. Отпадните води од објектите треба да се приклучат на колекторот за заШтита на Охридското Езеро. Доколку не постојат услови за приклучување на колекторскиот систем отпадните води

мора да бидат подложени на третман на пречистување во локалната пречистителна станица пред да се испуШтат во реципиентот.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- Локацијата за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Коњско, опШтина Охрид нема конфликтни точки со постојните и планираните енергетски инфраструктурни водови.
- Локацијата за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Коњско, опШтина Охрид нема конфликтни точки со постојните и планираните комунални инфраструктурни водови.

***Урбанизација и мрежа на населби***

- Изградбата на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Коњско, опШтина Охрид Ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заШтита на животната средина.

***Домување***

- Иницијативата за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување Ќе даде допринос кон трансформација на традиционалниот тип на домување преку проШирување на неговата основна функција, односно внесување на нови вредности и изнаоЃање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот, односно градење на станови кои се користат повремено во текот на годината.

***Јавни функции***

- На предложениот простор за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување КО Коњско, опШтина Охрид нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), Што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеЃу два типа на функции.

***Трговија и занаетчиство***

- Концепцијата за развој и разместеност на трговската и занаетчиската дејност предвидува лоцирање на трговски и услужни центри и помали објекти во урбаните средини на

главните влезни и излезни правци од градот Охрид, по должината на главните градски трговски улици, во близината на атрактивните туристичко - рекреативни локалитети придружени со комплементарни содржини и особено промовирање на традиционалните занаети карактеристични за руралните средини.

- Реализацијата на предложениот ЛУПД за изградба на објекти А4 - за времено сместување со површина од 0.376 ха, во КО Коњско, општина Охрид, ќе биде во функција на поттикнување и на развојот на трговијата и занаетчиството кои се комплементарни дејности на намената на планираните за изградба на објекти. При тоа треба да се почитуваат определбите од "Просторниот план на Република Македонија" и "Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион" за заштита на животната средина и одржлив развој.
- При изборот на конкретни локации за организација на терцијалните дејности - трговија и занаетчиство, основен принцип е доближување на продажниот простор и други услуги до корисниците на услугите, концентрација и специјализација на објектите (трговски и услужни), проширување на асортиманот на стоките и услугите и современа технологија во организција на пласманот на продажба.

***Сообраќајна инфраструктура***

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
- Е-65 што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 (СР - Блаце - Скопје - Тетово - Кичево - Требеништа - Охрид - Битола - Меџитлија - ГР) - коридор за патен сообраќај север - југ.
- М-5 (Крстосница Подмоље - Охрид Ресен - Битола - Прилеп - Велес - Бабуна - Крстосница Отовица - штип - Кочани - Делчево - БГ - Звегор) со (Крак Битола - Крстосница Кукуречани - ГР - Меџитлија).
- Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта ( "Службен весник на РМ" бр. 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:
- А3 - (Крстосница Требениште - врска со А - 2 - Крстосница Подмоље - Охрид - Косел - Ресен - Битола - Прилеп - Велес - штип - Кочани - Делчево - граница со Бугарија - граничен премин Рамна нива), делница Битола - крстосница Кукуречани - граница со Грција - граничен премин Меџитлија - делница Косел врска со А-3 - Охрид - граница со Албанија - граничен премин Љубаништа).

- При планирање да се почитува заШтитната зона на патот согласно Законот за јавни патиШта (“Службен весник на РМ“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15).

***Комуникациска мрежа***

- Локацијата за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Коњско, ОпШтина Охрид, нема конфликтни точки со постојните и планираните комуникациски инфраструктурни водови.

***ЗаШтита на животната средина***

- **Со цел да се обезбеди заШтита и унапредување на животната средина при изработка на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Коњско, ОпШтина Охрид потребно е да се почитуваат одредбите пропиШани во законската регулатива од областа на заШтита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Отпадните води треба да бидат приклучени на колекторот за заШтита на Охридското Езеро, но доколку не постојат услови за приклучување на колекторскиот систем да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуШтање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропиШаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во рецепиентот.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиШтето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиШето треба да се спречи со Што е можно побрзо заврШување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација.
- Уредување на комплексот со заШтитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропиШаните

граничи вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;

- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здавјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата на значајни видови и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.
- При изработката на Локалната урбанистичко планска документација да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

***Заштита на природното наследство***

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија предметната локација за која се изработува Локалната урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, се наоѓа во непосредна близина на заштитени: Споменик на природата Охридското Езеро и Национален Парк Галичица.
- Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (“Службен весник на Република Македонија“ бр.75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвенција.
- При изработката на Локалната урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена А4 времено сместување, КО Коњско, општина Охрид, да се почитуваат одредбите пропишани со Законот за Заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16), подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро (“Службен весник на СРМ“ бр. 45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), како и заштитните категории и режимите на заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена

за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион.

- Доколку при изработката на урбанистичко планската документација или при соодветни мерки за заШтита на природното наследство согласно Законот за заШтита на природата, уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат

***ЗаШтита на културното наследство***

- Доколку при изведувањето на земјените работи се наиде на археолоШки артефакти, односно дојде до материјални остатоци со културно - историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаШ да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заШтита на културното наследство.
- Бидејки предметот се однесува на подрачје заШтитено од UNESKO вградување соодветен режим за заШтита на недвижното културното наследство во просторен и урбанистички план се врШи според заШтитно конзерваторски основи за културно наследство (Согласно член 71 од Законот за културно наследство). Недвижното културно наследство, без оглед дали е во праШање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој Ќе обезбеди негово успеШно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поШироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

***Развој на туризмот***

- Во рамките на туристичката регионизација на Република Македонија, Охридско - Преспанскиот регион е дефиниран како еден од 10-те туристички региони, кој е особено значаен поради тоа Што има и меЃународен карактер.
- Предметната локација припаЃа на Зона Охрид со 29 туристички локалитети. Локалитетот Коњско припаЃа на туристичките простори со меЃународно значење. Комплексната туристичка понуда на овој локалитет дава можности за развој на повеЌе видови туризам, како Што се езерски, риболовен и др.
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се

препорачува при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заШтита и одржлив економски развој.

***ЗаШтита од воени разурнувања, природни и техничко - технолоШки катастрофи***

- **Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Коњско, опШтина Охрид се наоЃа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заШтита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заШтита и спасување.
- Задолжителна примена на мерките за заШтита од пожар.
- Анализираниот простор се наоЃа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степен по МКС, Што наметнува задолжителна примена на нормативно - правната регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заШтита, кај изградбата на новите објекти.

## 11. Нумерички дел

### 11.1 Нумерички показатели

Во графичкиот прилог бр. 04 на Документационата основа Инвентаризација на Изградениот градежен фонд, вкупна физичка супраструктура на земјиШтето и зеленилото и Изградената комунална инфраструктура како нумеричките податок за постојната состојба е дадена поврШината на планскиот опфат П=3 563.66 м2 (0.356 Ха).

- Писмо за барање за УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ Република Македонија - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ на 24.03.2016 година.

**ПРАТЕНИ ПИСМА ЗА БАРАЊА НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ:**

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - Скопје ( ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ) под бр. 03-20/1 на 04.07.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид под бр. 03-20/1 на 04.07.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид под бр. 03-20/2 на 15.07.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од ЈП ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ - НИСКОГРАДБА - Охрид под бр. 03-20/1 на 04.07.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од Република Македонија – ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ под бр. 03-20/1 на 04.07.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од АД ЕВН КЕЦ ОХРИД под бр. 03-20/1 на 04.07.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од РЕПУБЛИКА МАЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО под бр. 03-20/1 од 04.07.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ- ОХРИД под бр. 03-20/2 на 15.07.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА – Скопје под бр. 03-05/1 на 20.01.2017 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од ОПШТИНА ОХРИД – Градежна инспекција - Охрид под број 03-31/1 од 14.12.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИшТА - Скопје под број 03-05/1 од 20.01.2017 година

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ под бр. 03-30/1 на 13.12.2016. година.
- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од РЕПУБЛИКА МАЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА УНЕСКО под бр. 03-9/1 од 06.03.2017 година.

- РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ (Сектор води) - Скопје под бр. 03-21/1 од 26.04.2017 година.

- Писмо за барање до РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Сектор за просторно планирање од РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОпШтина Охрид - Сектор за урбанизам и заШтита на животната средина - Одделение за просторно и урбанистичко планирање и документирање на градежно земјиШте (за Стратегиска оценка) под број 21-19693/2 од 23.12.2016 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од ОПШТИНА ОХРИД – Сектор за урбанизам и заШтита на животната средина - Одделение за просторно и урбанистичко планирање и документирање на градежно земјиШте до Оделение за спроведување на урбанистички планови Барање за евидентирање на градби со правен статус стекнат по основ на Законот за постапување со бесправно изградени објекти под број 03-17/1 од 02.10.2018 година.

- Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ СКОПЈЕ, подружница Охрид под бр. 03-13/01на 18.08.2021 година.
- Писмо за барање на мислење од МИНИСТЕРСВО ЗА КУЛТУРА - КОМИСИЈА за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион од страна на Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште -Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината Охрид под број 19-10075/2 од 12.11.2020 година.
- Писмо за барање на мислење од МИНИСТЕРСВО ЗА КУЛТУРА од страна на Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште - Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината Охрид под број 19-10075/3 од 16.11.2020 година.
- Писмо за барање на мислење од МИНИСТЕРСВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ од страна на Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште -Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со

градежно земјиште и недвижен имот на општината Охрид под број 19-10075/4 од 16.11.2020 година.

**Писмо за барање на ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ по електронска форма преку инфомациски систем е- урбанизам бр. под број 03-13/01 од 18.08.2021 година.**

- ЈП ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ - ОХРИД

**ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ :**

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид под број 09-972/1 од 14.07.2016 година.
- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид под број 09-972/2 од 20.09.2016 година.

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од РЕПУБЛИКА МАЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО под бр. 17-2260/2 од 18.07.2016 година.

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ- ОХРИД под број 13-1481/2 од 27.07.2016 година.

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД – Скопје ( ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ) под број 07-287305/1 од 22.07.2016 година.

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЈП ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ, КОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ -НИСКОГРАДБА - Охрид под број 09-717/2 од 08.07.2016 година.

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЕВН МАКЕДОНИЈА АД Скопје – КЕЦ ОХРИД под број 22-2237/2 од 08.07.2016 година.

- ПОДАТОЦИ од ОДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР - ИНСПЕКТОРАТ под број 19-6131/9 од 19.12.2016 година.

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИшТА - Скопје под број 10-1084/2 од 02.02.2017 година.

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИшТА - Скопје под број 10-3047/2 од 23.03.2017 година.

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ под бр. 0302-4604/3 на 27.01.2017 година.

- ИЗВЕСТУВАЊЕ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ (Сектор води) - Скопје под бр. 11-2344/2 од 30.05.2017 година.

- ИЗВЕСТУВАЊЕ ПО БАРАЊЕ - од Оделение за спроведување на урбанистички планови, општина Охрид до Сектор за урбанизам и заШтита на животната средина - Одделение за просторно и урбанистичко планирање и документирање на градежно земјиШте, ОпШтина Охрид за Евидентирање на градби со правен статус стекнат по основ на Законот за постапување со бесправно изградени објекти под бр. 20-117/11 од 07.11.2017 година.

- ОДГОВОР НА БАРАЊЕТО за дислокација на потисниот цевковод до Славе Маринов( еден од сопствениците на КП 2440/3) од ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид под број 09-845/2 од 17.05.2019 година.

- ОДГОВОР НА БАРАЊЕ до Славе Маринов( еден од сопствениците на КП 2440/3) од ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид под број 09-1809/2 од 03.09.2019 година.

- Известување ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ СКОПЈЕ, подружница Охрид под бр. 03-597/2 на 25.08.2021 година.

- Известие ЈП ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ - ОХРИД, под бр. 03-1705/1 од 22.09.2021 година.

**ДОСТАВЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ВГРАДЕНОСТА НА ПОДАТОЦИТЕ, ИНФОРМАЦИИТЕ И ДОБИВАЊЕ ПОЗИТИВНИ МИСЛЕЊА И СОГЛАСНОСТ :**

- РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА УНЕСКО - Скопје под бр. 34 - 3264/2 од 10.03.2017 година.

- Известување -РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Сектор за просторно планирање до РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОпШтина Охрид - Сектор за урбанизам и заШтита на животната средина - Одделение за просторно и урбанистичко планирање и

документирање на градежно земјиШте (за Стратегиска оценка) под бр. УП1 15- 944/2016год.

**ДОБИЕНА СОГЛАСНОСТ И ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ :**

- РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Мислење по финален извештај за стратегиска оцена на животната срединапод број 15-1252/2 од 29.03.2017 година.

- СОГЛАСНОСТ од Република Македонија – ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ под број 10-170/2 од 08.07.2016 година.

- МИСЛЕЊЕ - СОГЛАСНОСТ од ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид под број 09-797/2 од 11.08.2017 година

- МИСЛЕЊЕ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ -Мислење од аспект на заштита на водите под број 11-2344/4 од 24.10.2017 година.

- ИЗВЕСТУВАЊЕ од РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИш ТА - Скопје под број 10-1084/6 од 03.10.2017 година.
- МИСЛЕЊЕ од Министерство за култура- КОМИСИЈА за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион под број 28-11815/2 од 18.12.2020 година.
    - МИСЛЕЊЕ од Министерство за култура- Одделение за недвижно културно наследство заШтита на аудиовизуелните добра- Сектор за заШтита на културно наследство под број 28-12327/3 од 21.12.2020 година.
    - МИСЛЕЊЕ од МИНИСТЕРСВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА под број 11-4888/4 од 25.12.2020 година.
    - МИСЛЕЊЕ од Министерство за култура - УПРАВА ЗА ЗАш ТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО под број 17-3457/2 од 30.12.2020 година.

PROAQUA

**Р.Е. ВОДОВОД - ОХРИД**

Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење,
одведување и пречистување на отпадни и атмосверски води на
општините Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро.

ул. Наум Охридски бб - 6000 Охрид; тел. 046/ 250-120; тел/факс 046/250-123; инфо.тел.046/230-020
ж.с-ка 530020100189050 Охридска Банка
ж.с-ка 250019000002375 Инвест Банка
ж.с-ка 290200000244481 ТТК Банка
ЕДБ: МК4026998114121

**До**

**„Снегар Компани“ Дооел**
**ул.„Кузман Капидан“ бр.29**
**6000 Охрид**

Ваш број : 03-20/1
Наш број : 09-972/1

**<u>Предмет</u> : Доставување на бараните податоци и информации**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации за водоводна инфраструктура за предметниот плански опфат кој е предмет за изработка на **Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – Општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување),** Ви го доставуваме следниот шематски приказ на постојната водоводна инсталација, од каде се гледа дека низ Урбанистичкиот опфат поминува потисниот цевковод од ПС “Метропол“ Ф 711мм изработен од челични цевки (спирално заварени шавни цевки), со длабочина од околу 2,5м и работен притисок од околу 7- 8 бари, и цевковод Ф 225мм од ПВЦ со длабочината на цевките е околу 1,5м, работниот притисок е 5-6 бари.

Со почит.

Сектор за технички работи
и развој

Љубе Трајановски дипл.град.инж.

.

PROAQUA

Р.Е. ВОДОВОД - ОХРИД

Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење,
одведување и пречистување на отпадни и атмосверски води на
општините Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро.

ул. Наум Охридски бб - 6000 Охрид; тел. 046/ 250-120; тел/факс 046/250-123; инфо.тел.046/230-020
ж.с-ка 530020100189050 Охридска Банка
ж.с-ка 250019000002375 Инвест Банка
ж.с-ка 290200000244481 ТТК Банка
ЕДБ: MK4026998114121

PROAQUA

**Р.Е. ВОДОВОД - ОХРИД**

Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни и атмосверски води на општините Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро.

ул. Наум Охридски бб - 6000 Охрид; тел. 046/ 250-120; тел/факс 046/250-123; инфо.тел.046/230-020
ж.с-ка 530020100189050 Охридска Банка
ж.с-ка 250019000002375 Инвест Банка
ж.с-ка 290200000244481 ТТК Банка
ЕДБ: МК4026998114121

МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ И АТМОСФЕРСКИ ВОДИ НА ОПШТИНИТЕ ОХРИД И СТРУГА И ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО
"ПРОАКВА"
Бр 09-972/2
20.09 2016 год.
СТРУГА

До

**„Снегар Компани“ Дооел**
**ул.„Кузман Капидан“ бр.29**
**6000 Охрид**

Ваш број : 03-20/1
Наш број : 09-972/1

**Предмет : Доставување на бараните податоци и информации**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации за водоводна инфраструктура за предметниот плански опфат кој е предмет за изработка на **Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела бр. 1 на КП 2440/3 КО Коњско – Општина Охрид (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување),** Ви го доставуваме следниот шематски приказ на постојната водоводна инсталација, од каде се гледа дека низ Урбанистичкиот опфат поминува потисниот цевковод од ПС “Метропол“ Ф 711мм изработен од челични цевки (спирално заварени шавни цевки), со длабочина од околу 1,5м и работен притисок од околу 7- 8 бари, а по самата обала на поминува колекторот за заштита на Охридското езеро Ф 800мм.

Со почит.

Сектор за технички работи
и развој

Љубе Трајановски дипл.град.инж.

LUBE TRAJANOVSKI

Digitally signed by LUBE TRAJANOVSKI
DN: o=PROAKVA, c=MK, email=proaquavodovodohrid@yahoo.com, sn=TRAJANOVSKI, givenName=LUBE, cn=LUBE TRAJANOVSKI
Date: 2016.12.09 12:53:13 +01'00'




ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА КП 2440/3 КО КОЊСКО
(изградба на објекти со намена А4-времено сместување)

ПЛАНСКИ ОПФАТ 0.376 ХА

-ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ПОТИСЕН ЦЕВКОВОД Ø711 мм

КОЛЕКТОР Ø 800 мм

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА КП 2440/3 КО КОЊСКО (изградба на објекти со намена А4-времено сместување)

## ОПШТИНА О Х Р И Д

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ П=0.376ха или 3759.72М2

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

М = 1:1000

| | | |
|---|---|---|
| Снегар Компани дооел ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА | управител: диа Вера Снегар | |
| | размер: 1:1000 | |
| предмет: ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА КП 2440/3 КО КОЊСКО ( изградба на објекти со намена А4-времено сместување) ОПШТИНА О Х Р И Д | нарачател: | |
| цртеж содржина: АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА | фаза: | дата: 07. 2016 |
| планери: диа Вера Снегар овластување бр. 0.087 — соработник: диа Игор Снегар овластување бр. 0.0492 | тех. бр. 06/16 | лист бр. 05 |

PROAQUA

**Р.Е. ВОДОВОД - ОХРИД**

Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни и атмосверски води на општините Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро.

ул. Наум Охридски бб - 6000 Охрид; тел. 046/ 250-120; тел/факс 046/250-123; инфо.тел.046/230-020

ж.с-ка 530020100189050 Охридска Банка
ж.с-ка 250019000002375 Инвест Банка
ж.с-ка 290200000244481 ТТК Банка
ЕДБ: МК4026998114121

МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ И АТМОСФЕРСКИ ВОДИ НА ОПШТИНИТЕ ОХРИД И СТРУГА И ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО
"ПРОАКВА"
Бр. 09-845/2
17.05 2019 год.
СТРУГА

До

**СЛАВЕ МАРИНОВ**
**Ул. Коста Абраш бр.44**

Ваш број:

Наш број: 09-845/1

Место: Охрид

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барањето за дислокација на потисниот цевковод**

Почитувани,

Потисниот цевковод ( Главен доводен цевковод) на водоснабдителниот систем за водоснабдување на Охрид со електро пумпи кај П.С. Метропол од Езерото ( од одредена далечина и длабочина ) се влечи водата и се потискува до резервоарот "Студенчишта" од каде се дистрибуира преку градската водоводна мрежа до потрошувачите.

Потисниот цевковод од ПС Метропол до Охрид е изработен од челично спирално заварени шавни цевки, изолирани од надворешната страна со битумен U1+B1 е со пречник Ф 711мм, дебелина на цевката д=8мм, со должина Л=5620м, со длабочина 1,5-2,0м, работен притисок 7-8 бари, ( манометар во П.С. Метропол 8,2 бари). Цевководот е изграден и предаден во употреба при крајот на 1986 год.

За заштита од електрокорозивните влијанија на почвата на цевководот изградена е катодна заштита по целата негова должина.

Во повеќе наврати е разговарано и одговарано на барања од сопствениците на КП.бр 2440/3 имотен лист 1870 КО Коњско каде поминува овој цевковод (точната локација е дадена според списокот на координати на детални точки снимени од страна на „Геопрактика"-Охрид низ дадената КП) , да напоменеме дека и на дел од оваа предметна локација поминува и водоводна линија од ПВЦ цевки Ф 225мм.

Од Состанокот (записник од 11.12.2017 год.) се наведе дека дислокацијата на цевководот е најприфатливо решение и со тоа решение цевководот ќе биде надвор од парцелите со приватна сопственост, дислокацијата да се однесува и на соседните парцели односно од влезот на Хотелот Св. Стефан до Хотел Орце Николов.

За таа цел да се изработи техничка документација со најсоодветно техничко решение во склад со постоечките прописи, ревидирано од соодветна институција за работи од ваков вид.

PROAQUA

Р.Е. ВОДОВОД - ОХРИД

Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење,
одведување и пречистување на отпадни и атмосверски води на
општините Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро.

ул. Наум Охридски бб - 6000 Охрид; тел. 046/ 250-120; тел/факс 046/250-123; инфо.тел.046/230-020
ж.с-ка 530020100189050 Охридска Банка
ж.с-ка 250019000002375 Инвест Банка
ж.с-ка 290200000244481 ТТК Банка
ЕДБ: MK4026998114121

Основен проект за дислокација на цевководот кој ќе содржи:

1. Технички извештај
2. Хидраулички и други пресметки
3. Предмер и пресметка на работите
4. Графички прилози

Посебно да се даде осврт на:

- Новата траса на цевководот – да се обезбеди статичка сигурност на цевководот од влијанието на хидродинамичките сили во него,( да се обезбедат помали агли на прекршување, а со тоа и помали хидродинамички сили).
- Катодната заштита на цевководот да остане во функција,
- Времетраењето на изградба (односно спојувањето на новиот цевковод со стариот) заради информациите до потрошувачите кои ќе останат без вода за пиење.

На приложената скица преставена е постојната водоводна инсталација, и предлог решение за дислокацијата на истата, од каде се гледа дека новиот цевковод Ф 711 мм треба да поминува на КП 3289/1 КО Коњско, додека пак Ф 225 мм да поминува на КП 2443 КО Коњско односно по пристапните улици сопственост на Р. Македонија, заради исклучувањето на објектите од цевководот Ф 225 мм треба да се изгради и нов цевковод Ф 90 мм кој ќе ги водоснабдува објектите.

Со почит,

Р.Е. ВОДОВОД – Охрид
Директор
Владимир Алексијоски дипл.инг.тех.

**PROAQUA**

**Р.Е. ВОДОВОД - ОХРИД**

Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење,
одведување и пречистување на отпадни и атмосверски води на
општините Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро.

ул. Наум Охридски бб - 6000 Охрид; тел. 046/ 250-120; тел/факс 046/250-123; инфо.тел.046/230-020
ж.с-ка 530020100189050 Охридска Банка
ж.с-ка 250019000002375 Инвест Банка
ж.с-ка 290200000244481 ТТК Банка
ЕДБ: MK4026998114121

МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ И АТМОСФЕРСКИ ВОДИ НА ОПШТИНИТЕ ОХРИД И СТРУГА И ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО
"ПРОАКВА"
Бр. 03-1809/2
03.09 2019 год.
СТРУГА

До

Маринов Славе
ул. Коста Абраш бр. 44
Охрид

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на барање

Почитувани,

Врз основа на поднесеното барање 03-1809/1 од Маринов Славе за КП бр.2440/3 по имотен лист 1870 за КО Коњско Св. Стефан Охрид , МЈП"Проаква РЕ Водовод Охрид го разгледа вашето барање како и стручното мислење од Универзитетот Св. Кирил и Методиј Градежен факултет Скопје во целост се согласува со мислењето кое го имаат извршено стручните лица на оваа установа при што варјантите кои ни ги препорачуваат од хидротехнички аспект се прифатливи мегутоа испитувањето кое што е извршено е извршено врз основа на цевковод односно надворешните тектонски пореметувања а не е извршено испитување односно не се дадени препораки во случај на хаварија на истиот цевковод кој што при евентуална хаварија и притисок во самиот цевковод од 7 до 8 атмосфери како ке биде налегнувањето на објектот кој што се гради во близина на самиот цевковод. За добивање односно вцртување на значка во вашата локација треба да се обратите во нашите служби, Министерството за транспорт и врски или Секторот за урбанизам, можеме да ви дадеме препораки само при изработка на Проектот и проектното решение на вашиот објект.

1. Препорачуваме во проктирањето да се предвиди поставување на бетонски шипови на растојание кое што го имаат предвидено стручните лица од градежен факултет односно на растојание 3м од осовина на цевководот ∅711мм лево и десно.
2. При проектирањето да се внимава објектот во висина од 9 -10м од терен да нема исфрлање односно еркери кои што ке ја отежнат работата при интервенција на самиот цевковод при што ви доставуваме и детал за висината при работа на една градежна машина.
3. Во заштината зона од 6м да не се предвидуваат додатни градби, пристапни рампи односно трасата да биде во секој период слободно како би екипите на МЈП"Проаква" РЕ Водовод Охрид би можеле да вршат интервенција.
4. Не препорачуваме да се предвидат подземни гаражи или подрумски простории кои што во секој временски период би биле потенционална опасност за самиот објект

PROAQUA

Р.Е. ВОДОВОД - ОХРИД

Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни и атмосверски води на општините Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро.

ул. Наум Охридски бб - 6000 Охрид; тел. 046/ 250-120; тел/факс 046/250-123; инфо.тел.046/230-020

ж.с-ка 530020100189050 Охридска Банка
ж.с-ка 250019000002375 Инвест Банка
ж.с-ка 290200000244481 ТТК Банка
ЕДБ: МК4026998114121

5. Проектантот при проектирањето посебно треба да внимава каков тип (темели и фундаменти) ке предвиди при проектирањето.

**Заклучок:** Овие податоци ви ги доставуваме да ви помогнат при изработка на проектот и проектното решение додека за добивање на значка односно уцртување на значка во вашата катастарска парцела потребно е да се обратат со податоци, скици и детали до Министерство за транспорт и врски или Секторот за урбанизам. Се надеваме дека барем со дел ги задоволивме вашите барања.

Со почит.

МЈП "Проаква" – Струга
РЕ Водовод Охрид
Техничка припрема и услуги


Синдикални
Legend
Ф111
Ф90
Ф225
ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА
НОВОПРОЕКТИРАНА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА
Google Earth
N

WWW.UZKN.GOV.MK

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

Бр. 17-2260/2
18.07.2016 год.
Скопје

До
**СНЕГАР КОМПАНИ ДООЕЛ**
ул. „Кузман Капидан", бр.29,
**6 000 Охрид**

Предмет: Доставување податоци и информации
Врска: Ваше барање бр. 03 - 20/1 од 04.07.2016 год.

Управата за заштита на културно наследство, орган во состав на Министерство за култура, го разгледа Вашето барање за издавање на податоци и информации за постоење на културно наследство, како составен дел од постапката за изработка на ЛУПД за градежна парцела бт.1 на КП 2440/3 КО Коњско, Општина Охрид и во согласност со доставената и постојната документација констатира дека на подрачјето на планираната траса нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при земјаните работи дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

Имајќи предвид дека предметната локација за која се изработува ЛУПД се наоѓа во близина на регистрирано природно но и културно наследство, односно станува збор за регион кој е впишан на Листата на светско наследство на УНЕСКО, должни сме да укажеме на неопходната потреба од целосно почитување и примена како на домашната законска регулатива, која се однесува на заштита на природното и културното наследство, така и на примена на меѓународните прописи и Конвенции чиј потписник е Република Македонија.

Самиот факт што избраната локација се наоѓа во рамките на заштитеното подрачје впишано на Листата на УНЕСКО, изградбата на нови објекти може да доведе до нарушување на пределот и визуелниот амбиент кој го карактеризира овој регион.

Од тие причини, согласно параграф 172 од Оперативниот водич (whc.13/01 July 2013) за имплементација на Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, потребно е "*државите-членки на Конвенцијата да го информираат Комитетот за светско наследство за нивната намера за превземање на поголеми реконструкции или нови градежни зафати во подрачјето заштитено според Конвенцијата*".

По разгледување на доставеното барање мислење со потребната документација за *Барање мислење за ЛУПД за ГП 1 на КП 2440/3 КО Коњско - општина Охрид (изградба на објекти со намена А-4, времено сместување) (наш број 28-11815/1 од 24.11.2020)*, Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион констатира дека локацијата се наоѓа меѓу два заштитни појаси - крајбрежен појас на езеро и заштитен појас на регионален пат. Со документацијата е приложено позитивно мислење на финален извештај за стратегиска оцена на животна средина, во документацијата е наведен Планот за управување, дефинирани се заштитните зони од аспект на природно и културно наследство, наведени се забранетите активности и мерките за заштита. Во планската документација, односно во општите и посебните услови потребно е да се наведе дека не се планираат дозволени пречекорувања надвор од границите на површината за градење. Предвидено е зеленило согласно Закон за зеленило (предвидено >20%).

Споредено со одредбите од **Планот за управување,** локацијата се наоѓа во зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата), при што се испочитувани параметрите за процент на изграденост и за катност.

Понатаму во **Планот за управување** е наведено: *„Новите урбани опфати (зона III-д) да се формираат како логична целина околу веќе постоечки објекти со **урбанистички план вон населено место**“.*

Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион оцени дека барателот треба да постапи по горенаведените забелешки и корегираната документација повторно да ја достави до Комисијата за мислење.

Со почит,

Комисија за управување со светското
природно и културно наследство во Охридскиот регион,
м-р Зоран Павлов
претседател

Подготви: Нада Пешева,

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Одделение за недвижно културно наследство заштита на аудиовизуелните добра -
Сектор за заштита на културно наследство

- Departmenti I Trashëgimisë Kulturore të Paluajtshme dhe Mbrojtjes së të Mirave Audio vizuale-
Sektori i Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturor

Република Северна Македонија
Општина Охрид

| Примено: | 24.12.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број: | Прилог: | Број: |
| 19 | 10075/4 | | |

Бр. 28-12327/3
Датум: 21.12 2020 г.

ДО: Општина Охрид
Ул. Димитар Влахов бр.57
6000 Охрид

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш допис бр. 19-10075/3 од 16.11.2020 година

Почитувани,

Ве информираме дека вашето Барање на мислење со број 19-10075/3 од 16.11.2020 година доставено до Министерството за култура под број 28-12327/1 OD 03.12.2020 година, а во врска со барање на мислење за планско решение за ЛУПД за градежна парцела бр.1 на КП 2440/3 КО Коњско-Општина Охрид (Изградба на објексти со намена А4-времеnио сместување) изработена од ДООЕЛ „Снегар Компани" Охрид со тех.бр. 06/16 од октомври 2020 година, е испратено на понатамошна надлежност и постапување до Управата за заштита на културното наследство.

Имено, Управата за заштита на културното наследство е орган во состав на Министерството за култура, со својство на правно лице и согласно Законот за заштита на културното наследтсво има изворна надлежност да одлучува по прашања кои се однесуваат на вградувањето на соодветен режим за заштита на недвижното културно наследтво во просторен и урбанистички план.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР

Sedat Sulejmani

Подготви: Нада Пешева, Советник
Согласен: Елена Павлова, Раководител на одделение
Согласен: Afed Jashari, Пом.раководител на Сектор
Согласен: Оливера Ливриниќ, Пом.раководител на Сектор
Контролирал: Диме Маџовски, Државен советник



Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës së Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23207 405
3207 455
www.kultura.gov.mk
www.zastita@kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД
DEPARTAMENTI PËR MENAXHIM ME MBETJET

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-4888/4
Дата/Data: 25-12-2020 год./viti

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Примено: 29-12-2020
Орг. единица: 19 Број: 10075/7

**До/Deri te:** ОПШТИНА ОХРИД
**-Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**

**ул. "Димитар Влахов" бр.57**
**6000 Охрид**

**Предмет/Lenda:** **Стручно мислење**

**Врска/Lidhja:** **Ваш број: 19-10075/64од 16.11.2020**
**Наш број: 11-4888/1 од 20.11.2020**

Почитувани,

Të nderuar,

Во врска со вашето барање, допис Бр. 11-4888/1 од 20.11.2020 година за доставување на стручно мислење по Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Бр.1 на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид за изградба на објекти со намена А4-времено сместување изготвена од Друштво за проектирање и градба "СНЕГАР КОМПАНИ" ДООЕЛ Охрид, со тех. број 06/16 од Октомври 2020 година, Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, <u>од аспект на своите надлежности во областа на заштита на природата, го дава следното мислење</u>:

Просторот кој е предмет на изработка на горенаведената урбанистичка документација е простор кој се наоѓа во подножјето на планината Галичица, на десната страна од регионалниот пат Р-1301 (Охрид-Св.Наум).

Истовремено планскиот опфат согласно просторни податоци во државен координатен систем изготвени од Службата за просторен информативен систем, допис Бр. 16-4888/3 од 14.12.2020 година и Условите за планирање на просторот

изготвени од Агенција за планирање на просторот - Скопје со тех.број Y 06516 од Април 2016 година се наоѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион чијашто заштита и управување е уредено во Законот за заштита на природата ("Сл. весник на РМ", бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 , 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро ("Сл. весник на РМ", бр.45/77), Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиит регион ("Сл. весник наРМ"), бр,75/10) и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиит регион со Акциски план 2020-2029 ("Сл. весник на РСМ"), бр,45/20).

Планскиот опфат на предметната планска документација согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиит регион со Акциски план (2020-2029) се наоѓа во Третата заштитна зона од аспект на заштита на природното наслество, која ги опфака просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми) што се застапени пмеѓу котата 866 м.н.в и надворешната граница на Првата заштита зона.

Во оваа зона согласно утврдените мерки на заштита дефинирани во поглаавјето 9.2.1.3 од наведениот План за управување, се забранува: (1) интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземните води, (2) зголемување на урбаните опфат на населбите за не повеќе од 20 %, (3) изградба на инфраструктурни градби освен кога проектите се од јавен интерес и (4) други активности кои можат да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Согласно изнесеното <u>УКАЖУВАМЕ дека е потребно</u> при изработката и донесувањето на Локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела Бр.1 на КП 2440/3, КО Коњско, општина Охрид за изградба на објекти со намена А4- времено сместување, целосно да се почитува и применува режимот на заштита утврден во Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиит регион со Акциски план (2020-2029), законските одредби дефинирани во член 2, став 2 и став 3, член 6, член 9, алинеа 4 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиит регион ("Сл. весник наРМ". бр,75/10) како и Заклучоците од 7-та седница на Владата на Република Северна Македнија одржана на 10 февруар 2020 и Заклучоците од 26-та Седница одржана на 7 декември 2020 година.

Во таа насока потребно е текстуалниот дел од предметната планаска документација во поглавјето 6.2 - Мерки за заштита на природата, да се корегира со мерки на заштита дефинирани во релевнтната законска регулатива и

меѓународните прописи и Конвенции чиј потписник е Република Северна Македонија.

Истовремено Ве известуваме дека е потребно во постапката на донесување на Локалната урбанистичка планска документација за ГП 1 со намена Г3 - севиси на КП 1141/5, КО Лескоец, општина Охрид да се обезбеди стручно мислење од Националната комисија за УНЕСКО при Министерството за култура како и од Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, именувана од страна на Владата на Република Македонија ("Сл. Весник на РМ", Бр.19/18).

Со почит,
Me respect,

в.д. Директор на Управа за животна средина
u.d. Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Изготвил/Përpiloi: Валентина Чавдарова
Раководител на Одделение

Контролирал/Kontrolloi: Влатко Трпески
Раководител на Сектор

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

318

ДО

**ОПШТИНА ОХРИД**

ул. „Димитар Влахов“ бр. 57

**6000 ОХРИД**

Бр. 17-3457/2
30.12.2020 година
Скопје

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Примено: 04.02.2021
Орг. единица | Број
19 | 1149/1

Предмет: Мислење
Врска: Ваше писмо бр.19-10075/3 од 16.11.2020 год.

Во врска со вашето барање мислење, препратено од Министерство за култура (бр. 28-12327/2 од 21.12.2020 година), за Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела 1 на КП 2440/3, изградба на објекти со намена А4 – времено сместување, КО Коњско, Општина Охрид, (тех. бр. 06/16 од октомври 2020) изготвен од „Снегар Компани“дооел - Охрид, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на планскиот опфат не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Во планската документација е вградена обврската во случај да се појави археолошко наоѓалиште да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Со почит,

Директор,
*Аце Косиов*

Изработил: М. Матеска
Одобрил: м-р Б. Јовановска


Управа за заштита на
културното наследство
Directorate for protection

ул. „Павел Шатев“ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700

Република Северна Македонија
**Јавно претпријатие колекторски систем**

**До:**
**Снегар Компани ДООЕЛ**

**Република**
**Северна Македонија**

**Јавно претпријатие**
**Колекторски систем Скопје**

**ЕМБС:** 7326041
ул.Пушкарска бр.33-лок.11
Скопје-Чаир,
подружница Охрид
Бул.Туристичка 77 влез 1 кат
1 дел простор 2, Охрид,
Република Северна
Македонија

Бр. 03-597/2

Дата: 25.08.2021
Скопје

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Согласно Вашиот допис бр.03-13/01 од 18.08.2021 година за КП24440/3 КО Коњско, Ве известуваме дека нашето претпријатие во моментов не поседува сопствена мрежа од колекторскиот систем и воедно нема проектни решенија и информации за наведениот плански опфат.

Со почит,

Изработил:

Одобрил

ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ Скопје
В.Д. Директор
дипл.инг.тех. Владимир Алексијоски

Јавно претпријатие КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ Ndermarrja publike SISTEMI I KOLEKTORIT (2) СКОПЈЕ * SHKUP

Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 03-1705/1
22. 09. 2021 год.
Охрид

J.П. "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД

**Тел: 263-325 Факс: 261-416 E-mail : ohridkom@t.mk**
**Жиро сметка: 250-0001000731-68 Дан.бр.: МК 4020989101655**
**Депонент: "Шпаркасе Банка Македонија" АД Скопје**

До
***Снегар Компани дооел***
ул. "Кузман Капидан" бр.26
6 000 Охрид

Предмет**: Известие**

Во врска со Вашето Барање на податоци и информации во врска со **ЛУПД за градежна парцела бр.1 на КП 24440/3, КО Коњско, општина Охрид,** ( Наш број 03-1705), Ве известуваме следното:

Местоположбата на контејнерите на територијата на општина Охрид ја утврдува Секторот за урбанизам и заштита на животната средина па соодветно на тоа ЈП "Охридски Комуналец" Охрид не смее да изврши поставување на контејнери без налог на наведениот Сектор.

Исто така Ве известуваме, дека контејнерите ги обезбедува инвеститорот и истиот е должен да обезбеди простор за поставување на истите.

ЈП"Охридски Комуналец"Охрид
Директор,
Лупчо Грданоски







-ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

- ГРАДБИ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА ДЕЛ ОД КП 2440/3 КО КОЊСКО (изградба на објекти со намена А4-времено сместување) ОПШТИНА О Х Р И Д

## ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ П=0.356ха или 3563.66М2

## ИНВЕНТАРИЗАЦИЈАНА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

М = 1:1000

| | | |
|---|---|---|
| Снегар Компани дооел<br>ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА | управител:<br>диа Вера Снегар | |
| | размер: 1:1000 | |
| предмет: ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА ДЕЛ ОД КП 2440/3 КО КОЊСКО (изградба на објекти со намена А4-времено сместување) ОПШТИНА О Х Р И Д | нарачател:<br>Тодоровски Никола и други | |
| цртеж содржина:<br>ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ | фаза:<br>ЛУПД | дата:<br>10. 2021 |
| планери:<br>диа Игор Снегар (овластување бр. 0.0492) Дарко Ангелески м.и.а (овластување бр. 0.0572) | тех. бр.<br>06/16 | лист бр.<br>04 |







## 1. ОБЈЕКТИ ПО НАМЕНА

- -НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- -РАЗДЕЛЕН ПОЈАС - ЗЕЛЕНИЛО
- E1 -КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ)
- -ПЕШАЧКА ПАТЕКА - ПОПЛОЧЕНА

## 2. КЛАСА НА НАМЕНА

- E1 -КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

## 3. ГРАНИЦИ

- -ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

## 4. ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

- - ВОДОВОДНИ ИНСТАЛАЦИИ ПОСТОЈНИ
- - КОЛЕКТОР ПОСТОЕН

## 5. ЕЛЕКТРИКА И ТЕЛЕФОНИЈА

- - ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА - ВОЗДУШНА НН ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
- - КАБЛОВСКИ РАЗВОДЕН ОРМАР НКРО (постоен)
- - ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ - ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ
- - ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ - ОПТИЧКИ КАБЕЛ ПОДЗЕМЕН
- - ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ - ТРАСА

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА ДЕЛ ОД КП 2440/3 КО КОЊСКО
## (изградба на објекти со намена А4-времено сместување)
## ОПШТИНА О Х Р И Д

**ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ П=0.356ха или 3563.66М2**

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА
ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА
СУПРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО
ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА — М = 1:1000

| | | |
|---|---|---|
| Снегар Компани дооел<br>ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА | управител:<br>диа Вера Снегар | |
| | размер: 1:1000 | |
| предмет: ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1 НА ДЕЛ ОД КП 2440/3 КО КОЊСКО (изградба на објекти со намена А4-времено сместување) ОПШТИНА О Х Р И Д | нарачател:<br>Тодоровски Никола и други | |
| цртеж содржина:<br>ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | фаза:<br>ЛУПД | дата:<br>10. 2021 |
| планери:<br>диа Игор Снегар (овластување бр. 0.0492)<br>Дарко Ангелески м.и.а (овластување бр. 0.0572) | тех. бр.<br>06/16 | лист бр.<br>05 |

## IV. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.Географска и геодетска местоположба, граница на планскиот опфат
2.Планска програма
3.Опис и образложение на планскиот концепт
4.Опис и образложение на планското реШение за изградба на наменска употреба на градежното земјиШте
4.1.Намена на поврШината
4.2.Насоки за урбана опрема
4.3.Услови за градба на објекти утврдени со планот
4.4.Услови за уредување на дворните места и изградба на оградни зидови
4.5.Нумерички и билансни показатели
5. Комунална инфраструктура
5.1.Сообракајна инфраструктура
5.2.Водоснабдување
5.3.Фекална, атмосферска канализациона мрежа и одведување на смет
5.4. Електро-енергетска и телекомуникациска инфраструктура
6. Мерки за заШтита
6.1.Мерки за заШтита на животната средина
6.2.Мерки за заШтита на природата
6.3.Мерки за заШтита и спасување
6.4.Мерки за заШтита на културно - историско наследство
6.5 Мерки за заШтита на природното и културното наследство на Охридскиот регион согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029)
7. Мерки за спречување на бариери на лицата со инвалидност
8. Урбано зеленило и озеленетост
9.Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските реШенија

10.ПЛАНСКИ ОДРЕДБИ
I. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето

II. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиШтето

11. Нумерички дел
11.1 Нумерички показатели
11.2 Билансни показатели
-Нумерички показатели со биланси, Градежна парцела со биланси, Озеленување на градежната парцела со биланси

## VI. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

01.План на намена на земјиШтето и градбите 1 : 1000
02.Регулационен план и План на поврШини за градење 1 : 1000
03.СообраЌаен план и нивелациски план и план на зеленило 1 : 1000
04.Инфраструктурен план - водоснабдување и фекална канализација, електрика и телефонија 1 : 1000
05. Синтезен план 1 : 1000

## III. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 1. Географска и геодетска местоположба, граница на планскиот опфат

Основа за изработка на оваа ЛУПД се издадените Услови за планирање на просторот со тех.бр. S06516 од април 2016 изработени од Агенцијата за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, РеШението за Услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање, бр. 15-3569/2 од 24.06.2016 година како и Извод од УПВНМ за Туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол опфат 3, опШтина Охрид (бр. 19-7435/1 од 20.07.2021 год.), донесен со Одлука бр. 08-3526/54 од 13.03.2015 год. како соседен опфат на предметната ЛУПД.

При изготвување на ЛУПД се применети актуелните законски и подзаконски акти и тоа:

Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (“Службен весник на РМ“ бр. 142/15), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање (“Службен весник на РМ“, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Законот за урбано зеленило (“Службен весник на РМ“ бр. 11/18), почитувани се условите пропиШани во Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020-2029) со Акциски план (“Сл. Весник на РСМ“ бр.45/20), согласно Законот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (“Сл. Весник на РМ“ бр. 75/10).

Исто така и постапката на донесување на ЛУПД Ќе се спроведува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и подзаконските акти.

Локалната Урбанистичко планска документација - ЛУПД, за градежна парцела треба да овозможи рационално искористување на планираната повр Шина за градба во рамките на градежната парцела, со класа на намена временo сместување, како и да се искористат постојните сообраЌајници, со максимално почитување на постојната состојба, а се со цел максимално искористување на просторот.

Градежната парцела 1 за која треба да се изработи Локална урбанистичко - планска документација за градежна парцела бр. 1 на дел од КП 2440/3, КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 - времено сместување), ОпШтина Охрид, односно изградба на викенд куЌи се наоЃа во Туристичкиот комплекс “Свети Стефан“, западно од ул. Охрид-Св.Наум АII - 512 - магистрална улица согласно Извод од соседен УПВНМ Туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол опфат 3, опШтина Охрид, како дел од регионалниот пат Р-501 (Охрид - Свети Наум - граница со Република Албанија), преименуван со Одлука за категоризација на државните патиШта (“Службен весник на РМ“133/11, 150/11, 20/12) во Р1301 Охрид (врска со А3) - Свети Наум - гр. со Р. Албанија.
Географската положба и атрактивноста на локацијата и добрата сообраЌајна поврзаност даваат можност да на овој простор се изградат градби за викенд куЌи кои Ќе придонесат за развојот на туризмот во Охридскиот регион.

Во границите на градежната парцела 1 влегува дел од катастарската парцела КП 2440/3 КО Коњско.

Границата на планскиот опфат се движи на исток по западната страна од КП 2440/4, КП 2440/1 и КП 2440/2 (во непосредна близина на ул. Охрид-Св.Наум АИИ - 512 - магистрална улица - Регионалниот пат Р - 1301 Охрид - Св. Наум - Р Албанија) на југ градежната парцела се граничи со соседната КП 2441/4, западната граница на оваа градежна парцела е КП 3289/2 и постојната асфалтирана улица поставена на КП 3289/1.

Подетално границата на градежната парцела бр. 1 со координати на прекрШните точки од најсеверната 1 во правец на стрелката на часовникот, кон југо - исток, југо - запад, запад и север до точката 1, односно геореференцирана граница по X, Y и Z е следната:

1. 483 786.27, 548 325.39, 0.00
2. 483 801.31, 548 265.47
3. 483 794.37, 548 227.55
4. 483 791.84, 548 202.47
5. 483 791.77, 548 200.54
6. 483 782.68, 548 198.76
7. 483 774.59, 548 202.59
8. 483 761.77, 548 197.35
9. 483 756.89, 548 207.24
10. 483 755.92, 548 215.35
11. 483 754.05, 548 222.74
12. 483 754.40, 548 228.66
13. 483 755.70, 548 239.94
14. 483 757.27, 548 248.73
15. 483 760.57, 548 258.48
16. 483 765.84, 548 273.20
17. 483 770.12, 548 285.57

18. 483 775.64, 548 303.26
19. 483 780.19, 548 316.81

Планскиот опфат зафаЌа поврШина од 3 563.66 м2, односно 0.356 ха.

Планскиот опфат каде се наоЃа и градежната парцела предвидена е со класа на намена времено сместување (А4), односно вид на градби викенд куЌи.
СообраЌајното поврзување на планскиопт опфат предвидено од постојната асфалтирана улица која на дел е и западна граница на градежната парцела за времено сместување и се надоврзува на ул. Охрид-Св.Наум АII - 512 - магистрална улица (регионалниот пат Р1301).

## 2.Планска програма

Врз основа на Условите за планирање на просторот добиени од Агенцијата за планирање на просторот и Измена и дополнување на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на опШтина Охрид за 2017 под бр. 08 - 5611/11 од 27.04.2017 година, изработката на ЛУПД за градежна парцела 1 - со намена времено сместување на дел од КП 2440/3, КО Коњско, треба да биде во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (“Службен весник на РМ“ бр. 142/15), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање (“Службен весник на РМ“, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Законот за урбано зеленило (“Службен весник на РМ“ бр. 11/18), почитувани се условите пропиШани во Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020-2029) со Акциски план, (“Сл. Весник на РСМ“ бр.45/20), согласно Законот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (“Сл. Весник на РМ“ бр. 75/10).

## 3.Опис и образложение на планскиот концепт

Согласно Условите за планирање на просторот, предметниот плански опфат на градежната парцела 1 е планиран со група на класа на намена Домување - А, класа на намена времено сместување - А4. При спроведувањето на условите планирани се градби за викенд куЌи.

## 4. Опис и образложение на планското реШение за изградба на наменска употреба на градежното земјиШте

Во градежната парцела е предвидена поврШина за градење со група на класа на намена Домување - А, класа на намена времено сместување (А4), односно вид на градба викенд куЌи.
Еден дел на југозападната страна од градежната парцела е резервиран за заШтитен појас од Охридското Езеро, на 50 м од КП 1/1 Охридско Езеро почитувајЌи ги заШтитните мерките согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план, а истовремено се испочитувани и критериумите од МЖСПП Сектор води (бр. 11-2344/2 од 30.05.2017год.) и Акционерско друштво Водостопанство на РМ во државна сопственост (бр. 0302-4603/3 од 27.01.2017 год.).
ПоврШината за градба со намена А4 е предвидена на растојание од 20м од работ на постојниот регионален пат Р1301, односно 16.6 м од ул. Охрид-Св.Наум АII - 512 - магистрална улица, како заШтитен појас и воедно вака предвидената поврШина за градба ги следи веЌе изградените хотели и објекти во непосредната близина.
При планирањето Податоците и информации од Известувањето на Министерство за животна средина - Сектор води под број 11-2344/2 од 30.05.2017 година се вградени во ЛУПД - то.

Во Мислењето на Акционерско друШтво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост - Скопје за ЛУПД - то под бр. 0302-4604/3 од 27.01.2017 година за Локална урбанистичко - планска документација за градежна парцела бр. 1 на дел од КП 2440/3, КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 - времено сместување), опШтина Охрид, наведено е дека “Во планскиот опфат на погоре наведените градби на КП 2440/1, КО Коњско, ОпШтина Охрид немаат влијание врз режимот на работа на водите.“
ПоврШината за градба е повлечена за 5.00 м и на јужната страна поради постоење на канал за вода (суводолица) надвор од градежната парцела согласно податоците од МЖСПП Сектор води - Т. 3 алинеја 7 (бр. 11-2344/2 од 30.05.2017год.) и Акционерско друштво Водостопанство на РМ во државна сопственост (бр. 0302-4603/3 од 27.01.2017 год.).
Бидејки низ градежната парцела, поминува потисниот цевковод од ПС “Метропол“ Ф 711 мм изработен од челични цевки (спирално заварени Шавни цевки) со длабочина од 1.5 м - 2.0 м и работен притисок од околу 7 - 8 бари, предвиден е заШтитен појас од вкупно 6 м т.е 3м од осовината на цевководот лево и десно каде не смее да се гради (поточно поврШината за градба е поставена на 3.0м - 6.8м од осовината на потисниот цевковод од ПС “Метропол“ Ф 711 мм) согласно Стручното мислење изготвено од Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ Градежен факултет - Скопје бр. 12-10/ 267-1 од 20.03.2018год. Ова Стручно мислење е изработено врз основа на предходно изготвен Геомеханички елаборат од геомеханички испитувања изработен од “Геоинг МК“ -Скопје со тех.бр: 08/18 од Февруари 2018год. (Стручното мислење и

Геомеханичкиот елаборат ке бидат приложени со вкупната документација).

## 4.1.Намена на површината

Почитувајќи ги во целост Заклучните согледувања пропишани во Условите за планирање на просторот, согласно кои се уредува градежната парцела и Изводот од Просторниот план со кои е утврдена намената на површините за предметниот плански опфат, следствено намената на површините е од класата на намена времено сместување **А4** (вид на градба - **викенд куќи**) односно група на класа на намена **Домување - А.**
Со понатамошна разработка со Архитектонско - урбанистички проект со планското решение треба да се нагласи амбиентот на просторот, со прилагодување на планираните објекти кон потребите на современиот начин на работа и збогатување на севкупната понуда, а нејзината реализација ќе допринесе за развојот на стопанството, односно туризмот во општина Охрид.

## 4.2. Насоки за урбана опрема

Градежната парцела треба да биде уредена со потребна урбана опрема, која го формира урбаниот амбиент и ја презентира урбаната култура.
Сопствениците на градежната парцела, постојано треба да ги одржуваат градбите и дворното место со обновување на фасадата на градбите, одржување на патеките, зеленилото, оградата и другите урбани елементи.

## 4.3. Услови за градба на објекти утврдени со планот

Условите за планирање на просторот содржат општи и посебни услови за изградба.
Градежната парцела 1 на КП 2440/3 КО Коњско со класа на намена А4 времeносместување има:

- Површина на градежна парцела 3 563.66м2
- Површина за градба 958.72 м2
- Вкупна етажна површина за градба 3 834.88 м2
- Максимална височина од10.20м
- Максимална спратност П+2+Пк
- Процент на изграденост 26.90%

Максималните дозволени вредности на параметрите, се условени со обезбедување на потребен број на паркинг места - согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање (“Службен весник на РМ“, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), обезбедени во рамките на градежната парцела.
Реализацијата на градежната парцела ќе биде со изработка на архитектонско-урбанистички проект.

## 4.4.Услови за уредување на дворните места и изградба на оградни зидови

Уредувањето на дворното место е обврска на инвеститорот.
Ова подразбира уредување на дворот со ниско, средно и високо зеленило, поплочени патеки околу објектот, дефинирање на место за корпи за отпадоци и сл. Доколку се оградува градежната парцела таа ќе биде од природен автохтон матерјал кој не го загрозува опкружувањето.

## 4.5. Нумерички и билансни показатели

Во табеларниот приказ дадени се билансните и нумеричките показатели за градежната парцела. Во табелата се дадени: бројот на градежната парцела, максимална висина на објектот изразена во метри, мах број на катови, површина за градба и процент на изграденост, како и задолжително паркирање во сопствената градежна парцела.

## 5.Комунална инфраструктура

### 5.1. Сообраќајна инфраструктура

Пристапот (колски и пешачки) во градежната парцела 1 е од постојна асфалтирана улица, дел од сообраќајна мрежа (постојни улици) во туристичкиот комплекс “Свети Стефан“, која се надоврзува на исток на ул. Охрид-Св.Наум АII – 512 - магистрална улица (Регионален пат Р 1301).

Тоа значи дека сообраќајно градежната парцела преку останатата сообраќајна мрежа од улици во Туристичкиот комплекс “Свети Стефан“ се поврзува со главните текови на патна мрежа во Република Македонија.

**Потребата за паркирање** - Ќе се обезбеди во рамките на градежната парцела, согласно член 54 до 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање (“Службен весник на РМ“, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За групи на класи на намени **А - домување**
- А0, А1 и А2 - Домување во станбени куќи и згради
- за станбени куќи со посебен режим на користење и заштита потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата.
- за станбени куќи по едно паркинг место на една станбена единица;
- за станбени згради лоцирани во централни градски подрачја едно паркинг место по станбена единица, а вон централни градски подрачја на 80 м2 од вкупно изградената станбена површина по едно паркинг место.
- за станбени згради со станови за лица со социјален ризик и други ранливи групи кои се градат по програма на Владата на Република

Македонија, програма на советите на опШтините, програма на советите на опШтините во град Скопје и програма на советот на град Скопје:
0.25 паркинг места за секој 45 м2 станбена поврШина.

- А4 - Времено сместување
  Потребниот број паркинг места се одредува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена.

## 5.2 . Водоснабдување

Во Доставата на информации и податоците добиени од ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид - МеЃуопШтинско претпријатие за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадните и атмосферски води на опШтините Охрид и Струга и заШтита на Охридското Езеро (денес преименуван во ЈП Водовод Охрид) под број 09-972/1 од 14.07.2016 год и 09-972/2 од 20.09.2016 година известени сме дека низ Урбанистичкиот опфат поминува потисниот цевковод од ПС "Метропол" Ф 711 мм изработен од челични цевки (спирално заварени Шавни цевки) со длабочина од 1.5 м - 2.0 м и работен притисок од околу 7 - 8 бари, цевковод Ф 225 мм изработен од ПВЦ со длабочина од околу 1.5 м, а по самата обала поминува колекторот за заШтита на Охридското Езеро со Ф 800 мм.
Бидејки низ градежната парцела, поминува потисниот цевковод од ПС "Метропол" Ф 711 мм предвиден е заШтитен појас од вкупно 6 м т.е 3м од осовината на цевководот лево и десно каде не смее да се гради (поточно поврШината за градба е поставена од 3м - 6.8м од осовината на потисниот цевковод од ПС "Метропол" Ф 711 мм) согласно Стручното мислење изготвено од Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Градежен факултет - Скопје бр. 12-10/ 267-1 од 20.03.2018год. Ова Стручно мислење е изработено врз основа на предходно изготвен Геомеханички елаборат од геомеханички испитувања изработен од "Геоинг МК" -Скопје со тех.бр: 08/18 од Февруари 2018год.
Во Одговорот на барањето за дислокација на потисниот цевковод од ЈП Проаква бр. 09-845/2 од 17.05.2019 год. адресиран до Славе Маринов, еден од сопствениците на КП 2440/3 КО Коњско, објаснето е дислокацијата на Ф225мм да поминува низ КП 2443 Ко Коњско односно по пристапните улици сопственост на РМ. Заради исклучувањето на постојните објекти од цевководот треба да се изгради нов цевковод Ф90 мм кој ќе ги водоснабдува објектите. Прикажан на графичкиот прилог доставен од ЈП Проаква, кој е и составен дел на податоците и информациите во документационата основа.
Согласно предлогот за решение во одговорот од ЈП Проаква бр. 09-845/2 од 17.05.2019 год адресиран до Славе Маринов, еден од сопствениците на КП 2440/3 КО Коњско, во планирана состојба постапено е по нивниот предлог решение цевководот Ф 225м да се дислоцира јужно од опфатот по должина на постојна асфалтирана улица на КП 2443 КО Коњско и да се приклучи на регионалниот пат Р 1301 Охрид (врска со А3) - Свети Наум -

граница со Р.Албанија односно ул. Охрид-Св.Наум АII - 512 - магистрална улица, а заради исклучување на дел на објекти од Ф 225м се предвидува изведување на нов цевковод Ф 90м кој ќе ги водоснабдува истите.
Во вториот Одговор на барање од ЈП Проаква бр. 03-1809/2/2 од 03.09.2019 год. адресиран до Славе Маринов, еден од сопствениците на КП 2440/3 КО Коњско се препорачува при изработка на Проектот и проектното решение да се:

- предвиди поставување на бетонски шипови на растојание од 3м од осовината на цевководот Ф711 лево и десно
- во висина од 9-10м од теренот да нема исфлање на еркери
- во заштитната зона од 6м на цевководот Ф711 да не се предвидуваат додатни градби, пристапни рампи односно трасата во секое време да биде слободна
- да не се предвидуваат подземни гаражи или подрумски простории кои би биле потенцијална опасност за самиот објект
- да се внимава при проектирањето каков тип на (темели и фундаменти) ќе се предвидат при проектирањето

Исто така, приклучувањето во инфраструктурната мрежа и приклучната точка ќе бидат дополнително одредени и усогласени со ПРОАКВА Р.Е. Водовод - Охрид при изработката на на Архитектонско - урбанистички проект односно Основниот проект.

При изведувањето на земјените работи задолжително е да се обезбеди надзор од ЈП Водовод Охрид.

### 5.3. Фекална, атмосферска канализациона мрежа и одведување на смет

Од податоците добиени од ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД од Охрид бр. 09-717/2 од 08.07.2016 година, во наведениот опфат нема улична фекална канализација. По новопредвидените улици потребно е да се предвидат цевководи за канализациона инфраструктура. Приклучување на фекалната канализација да биде во Примарниот колектор од Системот за заШтита на Охридското Езеро кој поминува покрај брегот на езерото.

Од податоците добиени од ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД од Охрид бр. 09-717/2 од 08.07.2016 година, во наведениот опфат нема улична атмосферска канализација.
Во планирана состојба предвидена е фекална канализациона мрежа Ф 300мм по должина на постојната асфалтирана улица која се приклучува на колекторот Ф 800мм.
Приклучувањето во инфраструктурната мрежа и приклучната точка ќе бидат дополнително одредени и усогласени со ЈП “Нискоградба“ при изработката на Архитектонско - урбанистички проект односно Основниот проект.

Јавното претпријатие колекторски систем Скопје во Известувањето со бр. 03-597/2 од 25.08.2021 год. не известува дека во моментот не поседуваат сопствена мрежа од колекторскиот систем и воедно немаат проектни решенија и информации за планскиот опфат.

ЈП Охридски комуналец Охрид во Известувањето со бр. 03-1705/1 од 22.09.2021 год. наведуваат дека местоположбата на контејнерите за територијата на опШтина Охрид ја утврдува Секторот за урбанизам и заШтита на животната средина при опШтина Охрид. Контејнерите треба да ги обезбеди инвеститорот, како и да обезбеди простор за нивно поставување.
Контејнерите за смет треба да се дислоцирани од улиците и тротоарите заради безбедност во сообраЌајот и поставени на посебно поплочени поврШини наменети за контејнери со оптимална хигиена на тие места. Притоа растојанието од објектот до местото за контејнери да биде минимум 10м.
Локациите треба да се достапни за возилата за подигање на контејнери и уредени во согласност со Што оној Ќе го евакуира Ѓубрето во опШтинска односно регионална депонија.

## 5.4. Електро-енергетска и телекомуникациска инфраструктура

### 5.4.1. Електро - енергетска инфраструктура

Во Плански опфат од електроенергетските објекти и мрежи према податоците добиени од ЕВН Македонија АД Скопје - КЕЦ Охрид под број 22-2237/2 од 08.07.2016 година евидентирано е следното :

- Нисконапонски кабелски вод
- Среднонапонски кабелски вод
- Трансформаторска станица
- Мерен/разводен ормар

Приклучувањето во инфраструктурната мрежа и приклучната точка ќе бидат дополнително одредени и усогласени со "ЕВН Македонија" при изработката на Архитектонско - урбанистички проект односно Основниот проект.

### 5.4.2. Телекомуникациска инфраструктура

Од податоците и иформациите од МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД □ Скопје (ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ) под број 07-287305/1 од 22.07.2016 година информирани сме дека на предметното подрачје има подземни ТК инсталации.
Корисниците во овој плански опфат во комуникацискиот сообраќај ќе бидат приклучени на постојниот оптичкиот кабел Охрид - Св. Наум кој е дел од меѓународната трансбалканска линија со која се поврзуваат балканските држави со Европскиот континент. За градежната парцела ќе биде потребно да се обезбеди телефонска мрежа.
Бројот на корисниците како и распоредот на нивното поврзување ќе се дефинира со изработка на Архитектонско урбанистички проект.

Новите технологии во сферата на комуникациските дигитални системи ќе бидат имплементирани во зоната, зависно од барањата на корисницте.

Приклучувањето во инфраструктурната мрежа и приклучната точка ќе бидат дополнително одредени и усогласени со МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - Скопје (ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ) при изработката на Архитектонско - урбанистички проект односно Основниот проект.

## 6. Мерки за заШтита

### 6.1. Мерки за заШтита на животната средина

Основните цели на политиката за заШтита и унапредување на животната средина мора да се интегрираат во сите развојни, стратеШки и плански програмски документи кои ги донесуваат органите на државата и опШтината.
Право и должност на Р Македонија, ОпШтината, како и на сите правни и физички лица да обезбедат услови за заШтита и унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граЃаните на здрава животна средина, регулирано со:

- Законот за животна средина (“Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16);
- Закон за заШтита на природата (“Службен весник на РМ“ бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (“Службен весник на РМ“ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 163/13 и 100/12);
- Закон за управување со отпад (“Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11 и 123/12);
- Закон за заШтита од бучава во животната средина (“Службен весник на РМ“ бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13);
- Закон за водите (“Службен весник на РМ“ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11,44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (“Службен весник на РМ“ бр. 18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акомулациите и подземните води (“Службен весник на РМ“ бр. 18/99);
- Уредба за спроведување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцеанка на влијанијата врз животната средина (“Службен весник на РМ“ бр. 74/05);
- Правилникот за опШти правила за постапување со комуналниот и други видови на неопасен отпад (“Службен весник на РМ“ 147/07);
- Комунален ред на ОпШтина Охрид бр. 07-2676/25 од 10.06.2013 година;

ЗаШтитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (опШтествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува подрШка и создавање на услови за заШтита од загадување, деградација и влијание врз одредени области на животната средина.
Целокупната активност во оваа област Ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заШтита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Со цел да се обезбеди заШтита на животната средина преку запазување на поставените стандарди, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина (“Службен весник на РМ“ бр. 74/05), потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина**.** Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заШтита на природата, правните или физичките лица кои врШат дејности или активности кои не спаЃаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват **Елаборат за заШтита на животната средина**, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го_достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот;
- Согласно законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат Штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луЃето;
- Предвидување на соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води;
- ЗаШтита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејсажите во предвидениот простор.

Напомена: Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите троШоци за санација на евентуално предизвиканите наруШувања во животната средина.

### 6.2. Мерки за заШтита на природата

Со Законот за заШтита на природата (“Службен весник на РМ“ бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16) се уредува заШтитата на природата преку заШтита на биолоШката и пределската разновидност и заШтита на природното наследство, во заШтитени подрачја и надвор од заШтитени подрачја.

Во современото планирање на просторот, задачите на заШтитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заШтита на природата и животната средина, санирање на можните Штети и повторно воспоставување на природната средина. ЗаШтитата на природата ја опфаЌа.

- ЗаШтитата на биолоШката разновидност, заШтитата на пределската разновидност и заШтита на природното наследство

Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност), објектите треба да се усогласат на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата. Особено внимание при заштитата на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на дејствување што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторот со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ“ бр. 39/04) просторот се наоѓа во непосредна близина на заштитениот споменик на природата Охридско Езеро.

Доколку се утврди дека урбанизацијата на просторот може да предизвика нарушување на биолошката и пределската разновидност на подрачјето, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата, подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, како и заштитните категории и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија.

Доколку при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 63/16):

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се восогласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје соспецијална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управнипостапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции воокружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Чувствителноста на просторот, високата вредност на природните и создадени вредности на регионот наметнуваат потреба во планските решенија, посебно внимание да се обрне на:

- Унапредувањето и заштитата на животната средина;
- Заштита на Охридското Езеро како светско природно наследство;
- Заштита на Регионот како светско културно наследство;
- Зачувување на еколошките вредности, функции и биолошкиот диверзитет во овој регион;
- Интегрална заштита на природната просторна целина на Националните паркови, спомениците на природата (Галичица и Охридско Езеро) и други категории на природни богатства.

Влијанијата на крајоликот на локацијата може да бидат значителни доколку се влијае некотролирано и несоодветно одржување на просторот во и надвор од локацијата на објектите за времено сместување. При одвивање на градежните активности може да се предизвикаат негативни влијанија предизвикани како резултат на ископувањето на земјиштето и депонирањето на вишокот земја на несоодветни локации. Ваквите влијанија се очекува да се третираат како негативни влијанија, но истите би биле со ограничен интензитет и времетраење.

При изборот на вегетација околу комплексот да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

Локалитетот припаѓа на туристичките простори со меѓународно значење. Комплексната туристичка понуда на регионот дава можности за развој на повеќе видови туризам. Туристичкиот развој подразбира зачувување на животната средина затоа што не е можен туристички развој во средина во која се нарушени односите воеко-системите.

Туризмот мора да го заштитува просторот од другите некомплементарни активности со кои доаѓа во просторна колизија, но исто

така и од самиот себе, за да го зачува основниот ресурс на кој го темели својот развој. Еден од најважните начини на контролирање на просторниот развој на туризмот е по пат на утврдување на носечкиот капацитет на туристичкиот простор.

Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Изградба на времени објекти, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на одржливо користење, повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Заради обезбедување на живеалишта и заштита на живиот свет за време на активностите неопходно е спроведување на следните мерки:

- Изведувачот треба да подготви План за управување со биолошката разновидност при активностите на проектот кои би се одвивале
- Примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, отпадните води и отпадот, индиректно ќе се ублажат негативни влијанија врз флората и фауната;
- Примена на административни компензациони мерки, компензација на загубените хабитати.

При воспоставувањето на мерките за намалување на влијанијата, неопходно е да се следат насоките за дозволени/недозволени активности за зоната на одржливо користење, наведени во Планот за управување со животната средина. Истите треба да бидат содржани во изведбените проекти согласно направената оценка на влијанието врз животната средина во рамките на студии, односно елаборатите за заштита животна средина.

Сите активности кои што се планираат да бидат усогласени со позитивното законодавство на Република Северна Македонија кое ја регулира заштитата на животната средина, природата, како и управувањето со заштитените подрачја, како и со повисоките плански документи.

Дополнително, планираните активности да се усогласат со меѓународните договори и конвенции кои Р. Македонија ги има потпишано, а се однесуваат на Охридскиот регион. Заради заштита и зачувување на Доброто, сите активности кои се предвидуваат треба да бидат подредени на принципите на заштита на природното и културното богатство.

Доколку при изработка на Локална урбанистичко - планска документација за градежна парцела бр. 1 на дел од КП 2440/3, КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување), Општина Охрид на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои

може да бидат загрозени, потребно е да се превземат мерки за заШтита согласно Законот за заШтита на природата (“Службен весник на РМ“ бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16);

## а. ЗаШтита на воздухот

Загадувањето на воздухот настанува од природни извори и како последица на човековите активности во просторот. За аерозагадување може да се зборува во колку една или повеЌе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот да постануваат Штетни за луЃето, животните и растенијата, а го загрозуваат и здравјето и животот.

Природни извори на загадување на воздухот во просторот на третираниот плански опфат не се евидентирани ова е чиста еколоШки незагадена околина, а извори како последица на човековите активности настануваат од сообраЌајот кој во овој регион е релативно минимален, освен во летниот период, така да и планираната намена која Ќе се одвива во овој плански опфат е чиста без понатамоШни последици од загадување на човековата околина.

Досега на територијата на град Охрид и поШирокото окружување не е поставена мерна мрежа со уреди за мерење параметри значајни за проценка на загаденоста. Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на индустријата, големината на градот, бројот на возила и метеоролоШките услови се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразито загадување со Штетни материи на воздухот на територијата на предметниот простор.
Мерки за заШтита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување со користење на доминантните воздуШни струења
- подобрена е состојбата на зелените површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини
- постигнат е соодност меЃу изградените и слободни површини
- потребна е постојана контрола на загадувчите на атмосферата.

## б. ЗаШтита на водите и третман на површинските води

За проценувањето на обемот на загадување на површинските и подземни води во планскиот опфат потребно е да се означат врстата на материи, загадувачи и изворите на загадување. Загадувачи на овој простор не постојат ни пред да се оформи овој плански опфат нити пак со неговото функционирање.

## в. ЗаШтита на почвите

Брзиот опШтествено економски развој има се поразвиени влијанија врз наруШувањето на квалитетот на почвите, бидејќи освен разградувањето на почвениот слој од ерозивните процеси и соголувањето на земјиШтето со униШтување на вегетациската покривка негативни последици врз почвата има и од прекумерната употреба на агрохемиските средства и таложењето на седиментите од загадениот воздух. Со сите видови загадувања кои се наброени се униШтуваат виталните процеси во почвата. Ерозивните процеси, освен Што го намалуваат квалитетот, односно бонитетот на почвата исклучително негативно влијаат врз карактеристиките на пејсажот наруШувајЌи ја неговата природна физиономија.

СогледувајЌи ги мерките за заШтита кои во опШтината се превземаат, заклучуваме дека опШтеството не направило многу, но интензитетот на опШтествениот развој на оваа опШтина е релативно низок така Што во себе не носи поголема агресивност кон животната средина.
Тоа е главна причина Што нејзиниот квалитет може да се оцени како добар.
Во наредниот период побрзото темпо на развој Ќе носи поголеми загадувања и Ќе треба со поголемо внимание да се прати природата и да се превземаат мерки за нејзината заШтита, а тоа вклучува и поголеми материјални средства.

## г. ЗаШтита од бучава

Бучавата е загадувач на човековата околина Што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на високата индустријализација и зголемен број на возила. Чести извори на бучава се наоЃаат во самите објекти предизвикани од удари при работа.
Према меЃународните стандарди и норми нивото на бучавата дозволено е до 60 децибели.
ш ирината на сообраЌајниците и зеленилото допринесуваат да се намали бучавата и да не се чувствува во поШирокиот простор на планскиот опфат.
При планирањето на просторот водена е сметка за соодветно растојание на објектите од сообраЌајниците. Планирани се зелени поврШини, дрвореди како тампон за пригуШување на бучавата.

## д. Отстранување на отпадот

За заШтита на животната околина важно е чистење на просторот во кој се престојува и работи. Постапката на евакуација на отпадните материи треба да го најде правото место во планскиот опфат.

Отпадните матери ги среЌаваме како:
а. течни
- отпадни води од одржување на чистотата

- отпадни води од санитарии
- отпадни води од технолоШки процес

б. цврсти
- хартија, амбалажа
- отпад од технолоШки процес
- уличен отпад

При понатамоШната постапка за реализација на ЛУПД да се почитува член 21 од Правилникот за опШти правила за постапување со комуналниот и други видови на неопасен отпад (“Службен весник на РМ“ 147/07);

**6.3. Мерки за заШтита и спасување**

Согласно Законот за заШтита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14 и 129/15), се уредува заШтитата и спасувањето на луЃето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреЌи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Природните непогоди се настани предизвикани од неконтролирано дејство на природните сили кои го загрозуваат животот и здравјето на луЃето и животните и предизвикаат Штети на имотот, културното наследство и животната средина (земјотреси, поплави, лизгање на земјиШте, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суШа атмосфески и други и непогоди).
Епидемии, епизоотии и епифитотии се настани кои доведуваат до интензивни и масовни појави на одредени заболувања кај луЃето, животните и растенијата.
Други несреЌи се настани кои се резултат на одредени превиди и греШки во изврШувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите.
Мерките за заШтита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, а начинот на примена со уредба го уредува Владата.

ЗаШтита и спасувањето е работа од јавен интерс на Републиката. Системот за заШтита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друШтва, здруженија на граЃани, граЃаните и силите за заШтита и спасување на начин уреден со Закон за заШтита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), како и Уредбата за начинот на применување на мерките за заШтита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите (“Службен весник на РМ“ бр.105/05)

Мерки за заШтита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирање и уредување на просторот и населбите;
- во проекти за објекти од јавниот сообраЌај, како и за јавна, административна, културна и туристичко - угостителска дејност
- при изградба на објекти и објекти од инфраструктура.

Во комплексот на мерките од превентивен карактер, треба да се предвиди, односно да се обезбеди вградување на мерките за заШтита и спасување, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заШтита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите во проектите и изградбата на објектите (“Службен весник на РМ“ бр. 105/05), како и учество на претставник на подрачното одделение за заШтита и спасување на ДЗС на РМ - Охрид во комисиите за технички прегледи на објектите во постапката за издавање на Употребна дозвола за истите.

За планското реШение Локална урбанистичко планска документација за градежна парцела бр. 1 на дел од КП 2440/3, КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување), Општина Охрид, треба да се предвидат и имплементираат следните мерки за заШтита и спасување:

1. Мерки за заШтита и спасување од Пожари, експлозии и опасни материи од аспект на Противпожарна заШтита за планската основа - да се прикажат и обележат локациите на хидрантска мрежа при изработката на АУП -от.

- Да се обезбеди потребно минимално растојание помеЃу објектите во градежната парцела, соседните објекти во непосредната околина од аспект на префрлување на пожари од еден објект на друг (во зависност од предвидената висина на објектите и пожарното оптоварувањње на истите).

### 6.3.1. ЗаШтита од природни непогоди и други несреЌи

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.

Просторот се наоЃа во зона на VIII степен по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

По однос на заШтита од природни непогоди, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области.

Од останатите метеоролоШки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на град, луњени ветрови и магли.

Со цел за поефикасна заШтита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми објекти и нејзино континуирано одржување. Како посебна мерка за заШтита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетација.

Засолнувањето опфаЌа планирање, изградба, одржување и користење на засолниШтата и други заШтитни објекти и засолнување на населението, материјалните и културните добра на Републиката.

Обврската на планирање и изградба на засолниШта заради заШтита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеЌе закони и подзаконски акти.
Имено согласно Законот за заШтита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ“, бр. 142/15, 217/15 , 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16) и согласно Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заШтита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (“Службен весник на РМ“ бр. 105/05), Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолниШтата и другите заШтитни објекти и определувањето на потребниот број засолниШни места (“Службен весник на РМ“ бр.80/2005).

Одржување и користење на засолниШтата и другите заШтитни објекти и определувањето на потребниот број на засолниШни места со Уредба ги уредува Владата.
Согласно Законот за заШтита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), мерките и активностите за заШтита на животот и имотот на луЃето од пожари, опфаЌаат отстранување на причините за настанување на пожари, откривање, спречување на Ширење и гасење на пожари, урврдување на причините за настанување на пожар, како и давање на помоШ при отстранување на последиците предизвикани од пожар.

Поради тоа предвидени се следните плански мерки за заШтита од пожар:

- објектите во рамките на планскиот опфат треба да се предвидени од тврда градба, со огноотпорни материјали,
- при планирањето треба да се води сметка за обезбедување на доволни растојанија меЃу објектите
- со постојната сообраЌајна мрежа на патиШта и улици задоволувачки е пристапот на противпожарно возило од повеЌе страни. СообраЌајниците се со доволна Ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок Што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила.
- Во Охрид се наоЃа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар.

  Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е околу 10-15 минути.

### 6.3.2. Мерки за заШтита од воени разурнувања

Согласно Просторниот план на РМ и согласно Законот за одбрана (“Службен весник на РМ“ бр. 185/11- пречистен текст), Законот за заШтита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15) и Законот за управување со кризи

(“Службен весник на РМ“ бр. 29/05, 36/11 и 41/14), планскиот опфат, се наоЃа во Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Тоа се простори кои во случај на војна би се наШле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаЃаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луЃето и материјалните добра. Според тоа во согласност со член 53 од Законот за заШтита и спасување задолжително треба да се применуваат Мерките за заШтита и спасување. Тоа опфаЌа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаШтитни појаси и поШумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заШтита и изградба на потребната инфраструктура.

### 6.3.3. Засолнување

Република Македонија има обврска за изведба на јавни засолниШта само во случај на исклучително загрозени објекти Што Ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолоШко - хидролоШките и сеизмичките карактеристики на земјиШтето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.
Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолниШта со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луЃето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.
Начинот на изградба на јавните засолниШта и одржувањето и користењето на веЌе изградените засолниШта и други заШтитни објекти и определување на потребниот број на засолниШни места со уредба ги уредува Владата.

### 6.3.4. Заштита и спасување од поплави

При проектирањето покрај опасноста од поплавување на објектот од дефекти на водоводната или канализациска мрежа, за евентуално предвидените подрумски простории со оглед на местоположбата на теренот на овој плански опфат треба да се земе во предвид можна појава на подземни води од променлива висина на нивото кое зависи од висината на нивото на водата во Охридско Езеро и временските услови.

### 6.3.5.ЗаШтита и спасување од свлекување на земјиШтето

Брзиот опШтествено економски развој има се поразвиени влијанија врз наруШувањето на квалитетот на почвите, бидејЌи освен разградувањето на почвениот слој од ерозивните процеси и соголувањето на земјиШтето со униШтување на вегетациската покривка негативни последици врз почвата има и од прекумерната употреба на

агрохемиските средства и таложењето на седиментите од загадениот воздух. Со сите видови загадувања кои се наброени се униШтуваат виталните процеси во почвата. Ерозивните процеси, освен Што го намалуваат квалитетот, односно бонитетот на почвата исклучително негативно влијаат врз карактеристиките на пејсажот наруШувајЌи ја неговата природна физиономија.
Во наредниот период побрзото темпо на развој Ќе носи поголеми загадувања и Ќе треба со поголемо внимание да се прати природата и да се превземаат мерки за нејзината заШтита, а тоа вклучува и поголеми материјални средства.
Во рамките на планскиот опфат не се евидентирани проблеми од овој тип бидејЌи теренот е во пад од север кон југ и од исток кон запад.

### 6.3.6. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Во планскиот опфат на Локалната урбанистичко - планска документација за градежна парцела бр. 1 на дел од КП 2440/3, КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 - времено сместување), ОпШтина Охрид, сообраЌајниот систем овозможува лесен пристап на пожарните возила до градежната парцела. При концепирање на сообракајот планирано е несметано движење на противпожарни возила. СообраЌајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна Ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луЃето. Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат изнесува 10-15 мин.
Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заШтита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), Законот за пожарникарство (“Службен весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07 и 55/13) и Правилникот за заШтита од пожари, експлозии и опасни материи (“Службен весник на РМ бр. 32/11 и 145/13). Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друШтва, јавните претпријатија установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заШтита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати според пропиШани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоЃаат на пропиШани места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаШ достапни за употреба согласно законскта регулатива.
Планскиот опфат е нископожарно оптоварен.

### 6.3.7. ЗаШтита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заШтита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), член 80, заШтита од

неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаЌа пребарување на теренот и пронаоЃање на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и униШтување на сите видови неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното место за униШтување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и униШтување на сите видови неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врШи на местата на пронаоЃање, ако за тоа постојат услови, ако не постојат услови се транспортираат до претходно определено и уредено место за таа намена. Стандардните оперативни процедури за заШтита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропиШува директорот на Дирекцијата за заШтита и спасување.

### 6.3.8. Заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи

Една од можните и неопходни потребни превентивни мерки за заШтита од техничко-технолоШки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти во одржувањето на опремата и инсталациите, треба да се создаде прифатлив однос кон животната средина.

Заради постигнување на целосна заШтита на луЃето, материјалните добра и потесната и поШироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни превентивни мерки;

- Првото ниво ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите заради сигурно користење на опасни материјали во технолоШките процеси и одбегнување на технолоШки катастрофи;
- Второто ниво се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии;
- Третото ниво вклучува мерки кои се преземаат за заШтита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

Поради горе изнесеното потребно е оформување на систем на евиденција и анализа на технолоШките аспекти, компактабилен на системот МАРС на Европската унија, база на податоци за евиденција на опасни материјали, предвидување на превентивни мерки за спречување на технолоШки катастрофи како и изработка на соодветни планови и програми за заШтита на населението и едукација на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Заради постигнување на целосна заШтита на луЃето, материјалните добра и потесната и поШирока животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно одбегнување на технолоШките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, Што може да се случи во околности на поголеми индустриски инциденти и заШтита на

животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисијата на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заШтита и спасување од техничко - технолоШки несреЌи:

-Потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолоШки катастрофи, базирани врз анализа на однесувањето на исти или слични постројки.

-Потребна е замена на халогенираните јадленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегаШната емисија на голем број на опасни супстанции и редукција на емисијата на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, за намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материал.

-Изработка на соодветни планови и програми за заШтита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

### 6.3.9. Евакуација

Со евакуацијата се врШи планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследствона Републиката, од загрозените во побезбедни подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреЌи.

Населението од планскиот опфат од кое се врШи евакуација, може да се евакуира во друга опШтина на одредено место и во одредено време.

### 6.3.10. РадиолоШка, хемиска и биолоШка заШтита

РадиолоШката, хемиската и биолоШката заШтита опфаЌа мерки и активности за заШтита на луЃето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреЌи со опасни материи, како и последиците од радиолоШки, хемиски и биолоШки агенси и превземање на мерки и аксивности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраЌај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врШи згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заШтитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолоШка, хемиска и биолоШка заШтита.

Надлежните субјекти потребно е да превземат мерки и активности за заШтита и спасување тоа:

-РХБ извидување на територијата

-Дозиметриска контрола

-Детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје

-Лабараториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

### 6.3.11. ЗаШтита и спасување на животни и производи од животинско потекло

ЗаШтита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаЌа превентивни и оперативни мерки за заШтита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизотии и други несреЌи.

Превентивни мерки за заШтита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помоШ на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и приручни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветни ветеринарни установи.

### 6.3.12. ЗаШтита и спасување на растенија и производи од растително потекло

ЗаШтитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло опфаЌа превентивни и оперативни мерки и активности за заШтита од растителни болести, епифитотии, Штетници, плевели, радиолоШка, хемиска и биолоШка контаминација и други видови загрозување.

Превентивните мерки за заШтита и спасување нарастенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативни мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

### 6.3.13. Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаЌа пронаоЃање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и униШтување на сите видови отпадни и други опасни материи Што го загрозуваат животот и здравјето на луЃето, дезинфекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производство потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа Ќе се спречи загадувањето на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работната средина воопШто. ДенеШниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно

овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејки може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и заШтита на водата од загадување, се реШава проблемот со снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се реШава и праШањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделни активности за асанација на теренот Ќе се утврдат според надлежноста за предметниот реон.

Врз основа на член 29 од Законот за заШтита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14 и 129/15) Мерките за заШтита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирање и уредување на просторот и населбите;
- Во проектите, за објектите и технолоШките процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраЌај, црна и обоена металургија, како и јавна, административна, културна, туристичко - угостителска дејност;
- При изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заШтита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички прием, Владата уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства:
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
- Изградба на снегозаШтитни појаси и поШумување на голините;
- Обезбедување на противпожарни пречки;
- Изградба на објекти за заШтита;
- Изградба на потребна инфраструктура;

При примена на планските реШенија на оваа ЛУПД, за Што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заШтита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14 и 129/15), Процент на загрозеност на РМ од природни непогоди и други несреЌи ("Службен весник на РМ" бр. 117/07). Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заШтитата и спасувањето ("Службен весник на РМ" 76/06), Уредбите за спроведување на заШтитата и спасувањето од пожари и урнатини ("Службен весник на РМ" 98/05 ).

## 6.4. Мерки за заШтита на културното наследство

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен, урбанистички план и урбанистичко плански документации се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство (“Службен весник на РМ“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16 ).

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), во просторните, урбанистички планови и урбанистичко плански документации, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на споменициите на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Врз основа на податоците и информациите од “Националната установа Завод за заШтита на споменициите на културата и Музеј “- Охрид број 13-1481/2 од 27.07.2016 година за ЗаШтита на недвижното културно наследство добиена е информација дека просторот за кој треба да се работи ЛУПД се наоЃа надвор од контактната зона од ЗаШтитената споменичка Целина и дека на наведниот простор не е евидентирано присуство на археолоШки локалитет. И затоа од тие причини не треба да се изработат ЗаШтитно конзерваторски основи.

Но, сепак доколку при уредувањето на просторот се наиде на археолоШки артефакти, односно до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи согласно со член 65 од Законот за заШтита на културното наследство (“Службен весник на РМ“ број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16 ), односно веднаШ да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заШтита на културното наследство.

Во податоците и информациите добиени од МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - Управа за заШтита на културното наследство број 17-2260/2 од 18.07.2016 година за ЗаШтита на недвижното културно наследство добиена е истата информација дека на “подрачјето на планираната траса нема заШтитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство“.

Во “предметниот плански опфат не постојат поединечно заШтитени споменички добра ниту пак евидентирани споменички добра и археолоШки локалитети кои би можеле да бидат наруШени со урбанизацијата на предметниот простор.

Имајки предвид дека предметната локација за која се изработува ЛУПД се наоЃа во близина на регистрирано природно, но и културно наследство, односно станува збор за регион кој е впиШан во Листата на

УНЕСКО, укажуваат на неопходната потреба од целосно почитување и примена, како на домаШната законска регулатива, која се однесува на заШтита на природното и културно наследство, така и на примена на меЃународните прописи и Конвенции чиј потписник е Република Македонија.
Самиот факт Што избраната локација се наоЃа во рамките на заШтитеното подрачје впиШано во листата на УНЕСКО, изградбата на нови објекти може да доведе до наруШување на пределот и визуелниот амбиент кој го карактеризира овој регион.
Од тие причини, согласно параграф 172 од Оперативниот водич (whc. 13/01 Juli 2013) за инплементација на Конвенцијата за заШтита на светското културно наследство, потребно е *"државите - членки на Конвенцијата да го информираат Комитетот за светско наследство за нивната намера за превземање на поголеми реконструкции или нови градежни зафати во подрачјето заШтитено според Конвенцијата".* Во насока на почитување на горенаведената одредба, укажуваме на постапката која треба да биде испочитувана кога станува збор за наследство впиШано во Листата на светско наследство на УНЕСКО. Имено планската документација, архитектонските идејни и основни проекти како и изготвените Студии за влијанието врз животната средина, преку Националната комисија на УНЕСКО во Република Македонија треба да биде доставена до Центарот за Светско наследство на УНЕСКО (кои потоа се доставуваат до советодавни тела на УНЕСКО – ИКОМОС и ИУЦН на разгледување) пред изготвување на основните документи за конкретните проекти. На овој начин Комитетот ќе може да помогне во изнаоѓање на соодветни решенија за да се обезбеди целосно зачувување на исклучителната универзална вредност на доброто."

### 6.5 Мерки за заШтита на природното и културното наследство на Охридскиот регион согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029) со Акциски план

Заради подобро управување и одржување на ***исклучителната универзална вредност***, односно контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија, воспоставени се три заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони. Овие подзони се воведуваат за да се рефлектираат посебните мерки за заштита што се применливи во овие зони.
Во согласност со потребите за урбан развој, а со цел постигнување на аспекти и максимално почитување на вредностите на културното и природното наследство согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план, предметниот простор се наоѓа во граници на:

- **Iб и III заштитна зона** согласно поделбата направена врз основа на природното наследство (Т. 9.2.1.1 и Т. 9.2.1.3);
- **III – д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) заштитна** зона согласно поделбата направена врз основа на културното наследство (Т. 9.2.2.3);

Со едел дел предметниот плански опфат на југозападната страна вледува во ***Првата заштитна зона,*** која се формира во појас од 50 m сметано од границата на катастарска парцела 1/1 (КП Охридско Езеро) поточно во подзоната **I-б** во која се присутни одредени интервенции и е со SFI индекс 3, 4 и 5 (умерен, слаб, лош статус);

Во првата зона се предвидуваат мерки што опфаќаат дозволени и забранети активности што ќе овозможат живеалиштата во крајбрежниот појас да ја задржат својата изворна состојба и да се реставрираат и ревитализираат, колку што е можно, деградираните и фрагментираните екосистеми.

Дозволени активности во Првата зона се:
спроведување културни, научни, образовни и рекреативни активности со обем и динамика која нема да изврши негативно влијание врз еколошките процеси, биолошката и пределската разновидност во зоната;

- спроведувања археолошки истражувања со недеструктивни методи;
- спроведување континуиран мониторинг;
- заштита на рибите и традиционалниот риболов.

**Забранети активности во заштитната зона I-б на крајбрежјето:**

- внесување алохотни (туѓи) растителни и животински видови;
- деградирање и уништување на природните живеалишта, особено на местата каде животните и птиците мигрираат, се размножуваат или престојуваат; особено се забранува сечење на дрвја, кршење, оштетување, уништување, сечење, откорнување вегетација, а особено на крајбрежна вегетација, палење на трска итн.;
- забрането преградување на крабрежното земјиште на начин кој придонесува кон сушење и деградирање на водните и блатните живеалишта, затрупување на изворите, мочуриштата и другите водни живеалишта;
- забрането намерно вознемирување на дивите животни, особено во текот на размножувањето, растењето или презимувањето, или нивно заробување, повредување или отстрел; намерно отстранување на растенијата и габите од нивните живеалишта, намалување на нивната популација, или нивно уништување на кој било начин; намерно оштетување или уништување на живеалиштата на дивите видови;

**Забранети активности во заштитната зона I-б на крајбрежјето:**

- намерно оштетување или уништување на гнезда, легла, како и нивните живеалишта или делови од живеалишта; нивно намерно вознемирување, особено во времето на размножувањето, одгледување на малечките, миграција, презимување, ако таквото вознемирување го загрозува нивниот натамошен опстанок; намерно уништување или земање на јајца од природата и чување на глуви јајца и прикривање, чување, одгледување, продавање, купување и отуѓување или на кој било начин прибавување и препарирање;
- преточување на нафта и нафтени деривати за пловните објекти, освен на

локации определени за таа намена;

- отворање позајмишта за црпење на песок, чакал и други минерални суровини;
- тампонирање крупен или ситен тампон и насипување песок, како и изградба на бетонски и камени ѕидови (валобрани), освен на постоечки локации определени за таа намена;
- изградба на објекти од траен карактер, освен изведување на работите за реконструкција на колекторскиот систем, издведба на секундарна канализациска мрежа или изведба на станица за пречистување на отпадните води;
